СРЕДНО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ
„Таки Даскало“
Битола

РАЗГЛЕДИ

СТРУЧЕН БИЛТЕН НА НАСТАВНИЦИТЕ

17 - 18

2014

РАЗГЛЕДИ-СТРУЧЕН БИЛТЕН НА НАСТАВНИЦИТЕ
Година VIII, бр. 17-18, април 2014 г., ISSN 1409-8598

СОДРЖИНА

Љубица Мешкова – Концепт на приватното „EGO“.....2
Драгица Здравковска – Премин од традиционално кон современо образование 3
Марија Младеновска-Димитровска – Психолошки согледувања за современиот модел на настава 5
м-р Весна Милевска – Меѓународната соработка – предизвик за помодерно и поевропско образование 7
Весна Мундишевска-Велјановска – Систематизација на материјалот во функција на зацврстување на знаењата 9
м-р Виолета Недановска, Милица Д. Радевска – Најдобри практики од реализација на активности од програмата „Подготовка за вработување и работа“ 11
Милица Димитријовска-Радевска – ОПО и Дневник со двоен запис 13
Марија Младеновска-Димитровска– Современи тенденции во оценувањето на постигањата на учениците 15
м-р Валентина Николовска – Методи на проверување на постигнувањата и способностите – од практиката 17
Марија Гичевска – Видови и методи на оценување 19
Наташа Ралевска-Вучкова – Самооценување и оценување од соученици 22
Славица Наумовска–Емоционалните компоненти на стрес кај адолесцентната популација 24
Мирјана Гичевска – Менторството со наставниците како предизвик 27
Драгица Здравковска – Работно воведување на наставниците 29
Павлина Талевска – Училишна клима – поим 31
Марија Јовановска – Еколошката свест кај младите 33
Томе Недановски, м-р Виолета Недановска – Рециклирање (Рециклирање на хартија и пластика) 36
Катерина Спасовска-Маурдева – Практичната настава на графичката струка во локалната средина 38
м-р Зора Русомарова – Паганската школа 39
Промоција на печатено дело –„Надеж за ново утро“ од Летка Андреевска 41
Николина Поповска – Нови светови 42
м-р Гордана Кожуваровска – Одбележување на 25 годишен јубилеј 43
Промоција на дело - м-р Флорида Кулевска - Книга „Култура на исхрана“ 44

ИЗДАВАЧ: СОУ „Таки Даскало“ – Битола, ул. „Борис Кидрич“ бр. 37, Битола

ЗА ИЗДАВАЧОТ: Владимир Трифуновски, директор

РЕДАКЦИЈА:
Весна Мундишевска-Велјановска, наставник по графички стручни предмети
Добре Босилковски, помошник директор
Славица Наумовска, училишен психолог
Милица Димитријовска-Радевска, наставник по македонски јазик и литература

ЈАЗИЧНА РЕДАКЦИЈА:
Билјана Атанасовска, Јулијана Јосифовска и Богослав Новески,
наставници по македонски јазик и литература

КОМПЈУТЕРСКА ОБРАБОТКА:
Миле Атанасоски, наставник по графички стручни предмети

ПЕЧАТИ: „Киро Дандаро“ – Битола

ТИРАЖ: 200 примероци

КОЛУМНА

Љубица Мешкова

Добредојде на Facebook - логирај се, регистрирај се или дознај повеќе

КОНЦЕПТ НА ПРИВАТНОТО „EGO“

1968..... Andy Warhol - words *“In the future, everyone will be world-famous for 15 minutes”*

Себебрендирање

Кога луѓето како процес на преобразување ја трансформираат и својата природа/личност како субјекти со глобална вредност тие всушност стануваат производи, а сопственото јас се дистрибуира во тој глобален капитал, вклучувајки се самите како JAC-Производ или Самобрендирање.

Брендот Јас се практикува на страниците за социјално вмрежување пр. Tweeter, My Space, Facebook..., а истите тие се центарот на сè во тој виртуелен свет со посети од над 300000000 милиони посети дневно, а можеби и повеќе.. .

На овие страници корисниците се охрабрени да откриваат интимни поединости,опседнати со големиот број на трендови и „френдови“ итн.

Со еден збор момент и можност на Себебрендирање !

Таргет група најчесто и во најголем број се млади корисници, но слободно може да се каже и „од 7 до 77“ во поново време што значи и не е чудо во таа себепромоција од принц до нашиот комшија да работат на себепромовирање.

Со тактички начин на градење и промовирање, скоро и да нема граници помеѓу јавно и тајно, приватно.

Се чини дека славата и вниманието станале едни од најклучните „културни вредности“. А овие страници докажуваат колку денес славата и вниманието се клучни „културни вредности“ - всушност од тука и така почнува да се создава брендот „Јас“ што всушност и не е нешто ново, само е продолжение и постои од кога постои и личното рекламирање, така што тоа е непрекината активност, промовирање, промена...

Градењето на брендот односно самобрендирањето и промовирањето е до таа мера поважно и од која и да е друга вештина, умеење, квалитет, ... Изгледа најважно стана позицијата на себеси „Јас-бренд“ и себепромовирањето најчесто поттикнати од емисии како IDOL, Reality show, Talent, итн... По примерот на овие шоуа, секој може да биди Бренд врз основа на Ништо „секој може да стани славен, модел, пеач, уметник, готвач „еким“, трговец на имиџ итн.

Во оваа ситуација ни се сервира една голема лага (лажно демократско ветување и верување) дека сите сме исти и сето тоа без никаква одговорност, а со цел една добра трговија и претприемаштво на Брендот - поединец.

Значи, кога корисниците на страниците на социјалните мрежи и кога не се брендираат себеси тие се сепак субјекти во таа глобална вредност и се под контрола на глобалниот капитал.

Од стотиците милиони активни корисници, дел од тој тренд на себе промовирање сум и јас значи јас и „сите ние“ сме дел од тој глобализам, игра и бренд...., но што и како понатаму? Колку е доволно и дали ја преминавме „границата“?

Авторот е професор по ликовна уметност
(и секојдневно се логира на Фејсбук)

СОВРЕМЕНА НАСТАВА

Драгица Здравковска

ПРЕМИН ОД ТРАДИЦИОНАЛНО КОН СОВРЕМЕНО ОБРАЗОВАНИЕ

Реформата во образовниот систем во многу современи земји стана реалност. Економскиот развој на некои држави зависи од квалитетот на нејзините човечки ресурси. Користењето на тие ресурси во вложување во нивниот квалитет се основни фактори за развој. Денешните училишта се засноваат на научни погледи, кои се формирани во поранешни етапи на општествениот развој и сè потешко одговараат на барањата на општеството и на времето. Затоа последниве години дојде до развивање на силни иницијативи за стручно усовршување на наставниот кадар.

Современите образовни теории почиваат на концептот на доживотно учење.

Потребно е да се креира современо, транспарентно и ефикасно законодавство наспроти традиционалното кое ќе ги следи светските трендови. Но, освен законската регулатива, промените во образованието кое го прават современо треба да опфатат и:

- измена на наставните планови и програми;
- воведување нови облици и методи на работа во наставата;
- поадекватно школување и усовршување на наставниот кадар;
- обезбедување систем на квалитет;
- ориентација кон понагласено изучување на странски јазици, информатички знаења и екологија;
- припрема на младите за поактивно вклучување и соработка со локалната заедница, развој на граѓанска свест и усвојување на универзални вредности како што се: мир, слобода, толеранција, хуманост, работа, човекови и детски права, разбирање, дијалог и сл.

Реформите и преструктуирањата заради конкурентност налагаат потреба образовниот систем да биде прилагоден и да нуди можности за преквалификација и доквалификација. Концептот на повеќето современи земји на премин од традиционалното кон современото образование се темели пред сè на промена на улогата на наставникот. Значајно место зазема положбата, информираноста, ставовите и стручното усовршување на наставниците, како и поддршката која ја обезбедува директорот и стручните соработници како фактори кои влијаат на развојните промени во училиштето. Поединците стануваат активни учесници во образовниот процес, со што допринесуваат за употреба на информациско-комуникациската технологија, што нуди можност за иновација на методите на учење и поучување.

ИКТ - ПРЕДИЗВИК ЗА ВОСПИТАНИЕТО И ОБРАЗОВАНИЕТО

Информатиката и комуникациската технологија обезбедуваат ефикасен, разновиден и автономен пристап на знаењето. Истовремено, тие влијаат глобално и на структурата на образовниот систем ширум светот донесувајќи со себе големи и брзи општествени, психолошки и технолошки промени. Во тие промени образованието е принудено сè повеќе да ги напушта традиционалните обрасци на школството и да одржува ефикасност на технолошката пракса. Затоа, информатиката во суштина го менува карактерот на традиционалната настава, начинот на стекнување на знаењето и квалитетот на образованието, како и целокупното образовно опкружување.

Сето тоа заедно доведува до промена во начинот и содржината на воспитување и образување на младите, кое може да има и негативни последици, па затоа се предупредува користењето на информациската технологија во образовниот процес да не противречи на социјализацијата на личноста "[1]

НАСОКИ И ЦЕЛИ КОН КОИ ТРЕБА ДА СЕ СТРЕМИМЕ

- Модернизација на наставниот процес преку имплементацијана the Learning Outcomes Concept, но и поголема застапеност на интерактивната и практичната настава;
- Иновации во курикулумот со клучни компетенции и вештини;
- Развивање на целоживотно и индивидуализирано образование преку програми кои треба да овозможат пристап во образованието на различни генерации;
- Партнерство помеѓу јавниот и приватниот сектор;

1 К. К. Колин, „Социальные аспекты информатизации образования", Збор трудов Образование и наука: проблемы и перспективы развития, Москва , стр 26

- Примена на активни облици, методи и постпки на учење, што подразбира учење по пат на делување и преку сопствено искуство;
- Истражувачки пристап во изучувањето на наставните предмети што се манифестира во учење по пат на решавање на проблеми, при што вниманието особено се насочува кон поттикнување на самостојното и критичкото мислење на учениците;
- Примена на различни облици и форми на кооперативно учење, што значи работа во групи кои се карактеризираат со променлив состав, број и мобилност на учениците и наставниците.

ОБРАЗОВАНИЕТО ВО ФУНКЦИЈА НА НАЦИОНАЛЕН РАЗВОЈ

Земјите во транзиција, меѓу кои и Р. М. имаат причина повеќе за развој на образовниот систем. Р.М. сака да гради еден современ и модерен систем на воспитување и образување каков што денес постои во многу земји во Европа и светот. Тој треба да биде компатибилен систем со развиени системи во кој младите, а и возрасните пријатно ќе се чувствуваат и спрема своите можности ќе стекнуваат знаења, вештини и навики. Во таа насока е следново:

- ✓ Образованието како примарен инструмент на „компетитивна држава“ во глобалното позиционирање;
- ✓ Образованието допринесува за економски раст – компаративните предности помеѓу нациите сè помалку доаѓаат од природните ресурси или евтината работа, а сè повеќе од техничките иновации и компетитивната употреба на знаење;
- ✓ Образованието е фундаментално за изградба на демократско општество;
- ✓ Образованието има синергетски ефекти;
- ✓ Образованието допринесува за унапредување, мир и стабилност;

РЕЗИМЕ

Традиционалните училишта и образовните системи прилично неефикасни и неприлагодливи, образуваат просечни поединци и на тој начин не им овозможуваат да напредуваат во склад со своите способности. Во современиот свет образованието ги прати промените и во 21 век ќе биде усмерено кон стекнување на знаења кои ќе станат значаен фактор на општествениот развој и ќе имаат одлучувачка вредност и за поединците и за цивилизацијата.

Еколошкото образование ќе претставува основа на економскиот развој кој ќе се темели на принципите на одржливиот развој како цивилизациско барање на современите општества. Образованието со своите содржини ќе овозможи да се изградат и прифатат нови универзални и морални норми во односите помеѓу народите и државите. Всушност, образованието ќе ја одредува иднината на секоја земја и иднината на целокупното човештво.

БЕЛЕЖИМЕ:

Во септември 2013 г. В. Трифуновски, М. Гичевска, Љ. М. Солак и Ј. Јовановска учествуваа на ***работни состаноци*** со координативното тело при Општина Битола за планирање на активности во рамките на проектот Безбедни училишта во соработка со OSCE, Општина Битола и МВР.

Од 18 до 21 септември 2013 г. во Охрид наставникот Валентина Маневска учествуваше на Балкански конгрес за рударство со стручен труд кој го спојува образованието со рударството и компаниите кои се неопходни за спроведените реформи во образовниот систем.

Од 23 до 25 септември 2013 г. со ученици од гимназиско и стручно образование-графичари се реализираа ***работилници*** за давање на идеи за пораки за безбедност, изработка на плакати на кои учествуваа К. Маурдева, Љ. Мешкова и М. Гичевска.

На 26 септември 2013 г. наставниците Д. Николовски, В. Маневска, Љ. Мешкова, К. Маурдева, М. Јовановска, Н. Илиќ, М. Гичевска, Д. Митревска учествуваа на јавен собир за зголемена свесност за безбедност, развој на комуникативни способности и култура на однесување на јавни манифестации кој се одржа на Широк Сокак и плоштадот Магнолија.

Во септември 2013 г. Љубица Мешкова зеде учество на ***Интернационална ликовна колонија*** во Скопје.

На 30 септември 2013 г. училишните психолози Славица Наумовска и Марија М. Димитровска реализираа работилница и презентација на тема „Што е здравје и поврзаноста на здравјето со чувства – мисли и социјално однесување“ со ученици од I год.

СОВРЕМЕНА НАСТАВА

Марија Младеновска-Димитровска

ПСИХОЛОШКИ СОГЛЕДУВАЊА ЗА СОВРЕМЕНИОТ МОДЕЛ НА НАСТАВА

Современите трендови во процесот на образование ја наметнуваат потребата за промена и во начинот на организирање на наставниот процес што нужно треба да биде проследен со промени и во начинот на вреднување и оценување на знаењата на учениците. Сè почесто се истакнува потребата од стекнување трајни знаења, кои ќе бидат применливи во практиката, а не само т.н. енциклопедиско, фактографско знаење кое е со кус век на траење, се зборува за настава која е насочена кон учениците и развивање на нивните потенцијали, поттикнување на креативното мислење и творештвото, за динамичност и активност на учениците во процесот на стекнување на знаењата, односно поттикнување на самостојно откривање, истражување, критичност кон изворите на знаење и нивната логичка вредност, логичко расудување и оценување, стекнување целовити знаења т.н. холистичко знаење, поврзување на знаењето во логички целини и создавање систем на знаење од различни области.

Ваквите современи сфаќања на знаењето и на процесот на настава потекнуваат од современите сознанија на когнитивните теории за учењето, за неговото конструктивистичко, интеракциско и холистичко сфаќање. Но, барем засега сето тоа е само на декларативно ниво и многу малку се спроведува во практиката.

Сфаќањата за современиот модел на настава потекнуваат од психолошките теории за учењето и дидактичката применливост на тие теории. За разлика од бихејвиористичките теории, според кои процесот на учење се одвива според асоцијативните закони на поврзување, односно учењето е процес на зајакнување и задржување во помнењето на соединети осети и перцепции (претстави) по пат на асоцијативни врски, поновите теоретски согледувања, односно когнитивните теории, учењето го сфаќаат како процес на стекнување и реорганизација на перцептивните и когнитивните полиња и системи (увидувања, очекувања или мисловни структури) при што е значајна и когнитивната (сознајната) активност на ученикот.

Привржаниците на бихејвиористичките теории, како Торндајк, сметаат дека учењето се состои во формирање нови врски меѓу дразбата и реакцијата кои се усвојуваат речиси автоматски, независно од сознанието или според законот на ефектот што го има дразбата, па така дразбата што предизвикува пријатност придонесува за зацврстување на врската меѓу стимулусот и реакцијата и тоа подобро се учи или според законот на зачестеност подобро се учи она што почесто се доживува, односно дека повторувањето е мајка на знаењето што често се користи во нашиот образовен систем или според законот на временска блискост дека посвежите доживувања подобро се помнат и се учат.

Скинер, кој исто така е привржаник на бихејвиористите и кој е заслужен за појавата на т.н. програмирана настава, смета дека за да се научи некој вид однесување (активност) потребно е таа да се практикува од оној кој учи, дека дејствата (операциите) се учат само низ процесот на дејствување (оперирање) и дека однесувањето на единката се сведува само на она што надворешно е видливо и не го интересира она што се случува внатре во субјектот кој учи.

Новите когнитивни сфаќања за учењето чиј предводник е Жан Пијаже, ги истакнуваат механизмите на сознајната активност. Когнитивистите, анализирајќи ги односите меѓу субјектот и објектот утврдиле дека во сите етапи од развојот почнувајќи од сензомоторниот развој до најфините мисловни операции – формално-логичкото мислење, сознанието е поврзано со дејствијата, операциите, со трансформациите, односно за да ги спознае објектите, субјектот мора да дејствува и да ги транформира. Пијаже ја истакнува активната улога на субјектот во процесот на осознавање. Објективноста на осознавањето, детето не ја поседува од самиот почеток, туку за нејзиното сфаќање потребни се серија последователни конструкции. Објективното знаење е зависно од одредени структури на дејството и тие структури се резултат на конструкциите. Нив не ги поседува ниту објектот – бидејќи зависат од дејствата, ниту субјектот – бидејќи субјектот треба да научи да ги координира своите дејства. Структурите, за разлика од функциите кои се биолошки дадени, се создаваат во текот на животот и зависат од искуството и квалитативно се разликуваат на различни стадиуми од развојот на личноста.

Според ваквите сфаќања на учењето, наставата не треба да биде насочена кон пренесување и усвојување готови знаења, туку

кон активно стекнување на новите знаења преку нивна реконструкција или конструкција врз основа на претходното знаење или сознајните структури (начинот, стилот на мислење, расудување) и нивното менување. Во таквиот начин на настава им се помага на учениците новите знаења да ги интегрираат (асимилираат) со она што веќе го знаат, поучувањето е насочено кон стратегии кои ќе ги упатат учениците како да го преработат,да го организираат или реорганизираат знаењето во смислени целини за подобро да го запомнат. Според современите когнитивистички сфаќања учениците треба при стекнувањето нови знаења да анализираат, да компарираат, синтетизираат, да изведуваат самостојно заклучоци со склад со сопственото сфаќање и интерпретирање на знаењето. Современиот тип на настава, кој поаѓа од конструктивистичкото сфаќање на учењето и кој сè повеќе се заговара, се заснова на автономноста на ученикот и на неговата интеракција и кооперација со средината. Усвојувањето на знаења се сфаќа како индивидуална активност на ученикот – активна конструкција во интеракција со социјалната и физичката средина. Современиот тип на настава бара од наставникот помалку да ја организира и води наставата отколку во традиционалната настава, поинаку да поучува, пред сè добро да ги познава децата, нивните предзнаења и способности.

Конструктивистичкото гледиште на Пијаже, кој тврдел дека наставата е подредена на законите на развојот, а не обратно, се надградува и проширува со интеракционистичкото гледиште, според кое развојот на личноста настанува како резултат на взаемно дејствување на луѓето и дека интеракцијата на детето со општествената средина има одлучувачко влијание на неговиот развој на когнитивен, но и на афективен план. Когнитивниот развој првенствено е процес на комуникација меѓу детето, семејството, врсниците, наставникот и поширокатa средина. Интерактивното учење во наставата е учење кое се остварува преку меѓусебните врски и контакти на ученикот со другите во социјалната средина. Според Виготски, кој зборува за 2 нивоа на развој – ниво на актуелен развој и ниво на нареден развој, улогата на наставникот и неговата интеракција со ученикот е особено значајна и има решавачка улога во развојот на зоната на наредниот развој, која ја определува областа на премините што се достапни на детето и е пресуден фактор во врска со учењето и развојот. Традиционалниот тип на настава, особено фронталниот тип на настава, е приспособен на т.н. „просечен“ ученик и таквата настава за напредните ученици е во зоната на нивниот минат развој, а за потпросечните ученици е во зоната на нивниот подалечен иден развој, што значи дека не го стимулира развојот ниту на едните, ниту на другите, а прашање е колку е прилагодена и за просечните во зоната на нивниот нареден развој. Токму затоа, според Виготски, проценката на зоната на наредниот развој е најдобрата основа за предвидување на идниот развој на детето и според тоа учењето како процес треба да поттикнува, да предивикува низа функции кои се во стадиум на созревање и во зоната на нареден развој.

Според тоа суштината на сфаќањето за процесот на учење е во холистичкото сфаќање на учењето, според кое на ученикот треба да му се овозможи да ги користи целосно своите сознајни потенцијали, да ги продлабочува и да се поттикнува да работи самостојно. Ваквото сфаќање ја зема предвид интерактивната природа на когнитивните, мотивационите (динамичките) и емотивните активности и нивната меѓусебна поврзаност и влијание при учењето.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1. Керамичиева, Р., „Психологија во образованието и воспитанието“, Просветно дело, Скопје, 1996.
2. Vigotski, L., Mišlenje i govor, Nolit, Beograd, 1977.
3. Мурџева-Шкариќ, О.„Развојна психологија“, Филозофски факултет , Скопје, 2004.
4. Stevanović, B., Pedagoška psihologija, Zavod za uđbenike i nastavna sredstva, Beograd, 1981.
5. Такашманова-Соколовска, Т., „Когнитивниот развој и сликата за себе во периодот на адолесценција“, Скопје, 1998.

СОВРЕМЕНА НАСТАВА

м-р Весна Милевска

МЕЃУНАРОДНАТА СОРАБОТКА – ПРЕДИЗВИК ЗА ПОМОДЕРНО И ПОЕВРОПСКО ОБРАЗОВАНИЕ

Апстракт

Дадените можности за вклучување во најразлични меѓународни проекти ја менува свеста и ја потикнува креативноста на наставниот кадар во училиштата . Но, со тоа се менува и целокупната слика за образовниот процес којшто претставува и основа за понатамошен напредок и развој. Во овој труд се наведени можностите, начините, но секако и придобивките од досегашната меѓународна соработка .

Клучни зборови: соработка, вештини, напредок, промена

ВОВЕД

Ако сакаме да го отвориме прозорецот кон европската иднина тогаш повеќе од сигурно е дека сè повеќе и повеќе треба да се изнаоѓаат начини за вклучување на училиштето на полето на меѓународната соработка. Искуствата веќе говорат дека бенефитот е заеднички и за наставниците и секако за крајната таргет група самите ученици. Иако на самите почетоци тоа изгледаше невозможно и неостварливо, се покажа дека упорноста и заинтересираноста ја постигнаа својата крајна цел.

ЗОШТО Е ПОТРЕБНА МЕЃУНАРОДНАТА СОРАБОТКА?

Искуствата здобиени од повеќето меѓународни контакт семинари, како на пример оној во Даблин, Р. Ирска, Истанбул, Република Турција, работната посета на Мелзунген Р.Германија, како и во Пултстук, Р.Полска, секако нè втурнаа во начините на коишто Европската Унија ги моделира своите наставници и се обидува што поблиску да допре преку нив до учениците, да ги натера да ги менуваат своите ставови, да ги прошируваат своите погледи и да ги зајакнуваат своите вештини.

Колку и да не сакаме да признаеме ќе мора да го прифатиме фактот дека Европа е сè повеќе и повеќе насочена кон тоа да најде начини сите напори кои се вложуваат мора да дадат крајни резултати. Па така, и во самиот овој образовен процес и преку меѓународните соработки кои се случувале, како онаа во неколку наврати во Мелзунген, Германија каде група на ученици престојуваа во Германија и примаше свои врсници во Македонија, па сè до најновата каде наставници ќе престојуваат на работна студиска посета во Брага, Португалија ќе се фокусираат неколку битни елементи:

- Подобрување на вештините за изведување на наставата;
- Подбрување на вештините за изведување на практичната настава;
- Начините на организација на наставата;
- Развој на јазичните и комуникациските вештини;
- Развој на социјалните компетенции и претприемништвото;

Со самото тоа крајната тагрет група, учениците, имаат и ќе имаат можност да соработуваат со наставници кои веќе се здобиле со одредено европско искуство. Тие искуства применети ќе резултираат со поголема заинтерсираност било тоа да е за дадена струка или професија или едноставно зголемување на интересот и напредување на сите полиња во образованието.

Учењето преку генералната култура ќе ги разбие стеротипите кои постојат и ќе се прошират погледите во однос на самите европјани.

Со самите меѓународни соработки како и вклученоста во се поголем број на проекти наставниот кадар, а и на сите оние кои се вклучени во општо образовниот процес не се стреми кон

- Размена на наставни програми и начинот на изведување на наставата
- Подобрување на работната околина
- Понатамошна квалификација на наставниот кадар
- Зголемена свест за важноста на меѓународната соработка

ИСКУСТВА ОД ДОСЕГАШНИ СОРАБОТКИ

2006-2013

СТУДИСКИ ПОСЕТИ

2006 - Студиска посета на ученици на возраст од 16-18 години од Македонија во Мелзунген Германија.

2008 - Студиска посета на ученици на возраст од 16-18 години од Македонија во Мелзунген Германија.

2012 - Студиска посета на ученици на возраст од 16-18 години од Македонија во Мелзунген Германија.

УЧЕСТВА НА МЕЃУНАРОДНИ КОНТАКТ СЕМИНАРИ

2009 Учество на наставен кадар на меѓународен контакт семинар од програмата Доживотно учење потпрограма „Леонардо Да Винчи“ во Даблин, Р.Ирска.

2010 и 2013 Учество на наставен кадар на меѓународен конактт семинар од програмата Доживотно учење потпрограма „Леонардо да Винчи“ во Истанбул Р.Турција.

2012 Учество на наставен кадар на меѓународен контакт семинар од програмата „Леонардо да Винчи“ во Пултстук, Р.Полска.

ТЕКОВНИ ПРОЕКТИ

Април-Мај 2014 предвидена студиска посета во рамките на проектот од Програмата Доживотно учење потпрограма „Леонардо да Винчи“ на 8 наставници во Брага, Португалија.

ЗАКЛУЧОК

Со инволвираноста во ваквите соработки не се развиваат само одредни цели туку и се инвестира во иднината на образованието и се пренесуваат европските искуства во Македонија. Од друга страна наставниците заедно со своите ученици прават напори да ги променат досегашните мислења и вештини и да ги моделираат на европски и позитивни начини. Не е доволно да се трудиме само да ја подобриме инфраструктурата и да се обезбедат подобри услови за учење, туку треба да се инвестира за да се постигне квалитетен европски наставен кадар, да се образува, а преку учениците да се постигнуваат европски резултати.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1.Интернет: Lifelong Learning Programme - European Commission
ec.europa.eu/education/tools/llp_en.htm

БЕЛЕЖИМЕ:

Во октомври 2013 г м-р Гордана Кожуваровска учествуваше на ***Меѓународна стручна конференција*** од областа на сообраќајот во Целје, Р. Словенија.

Од 30 септември до 4 октомври 2013 г. во Скопје, Зора Русомарова учествуваше на обука на наставници по француски јазик „Развивање на усните вештини преку различни поддршки“, организирана од Влада на Р. М., МОН во партнерство со CREFECO и со поддршка на Меѓународната организација на франкофонијата.

На 01 октомври 2013 г. наставникот Ири Јефтимова како ментор на ученик учествуваше и освои ***прва награда на литературен конкурс*** објавен од Сојузот на борците – Битола по повод 11 Октомври.

На 05 октомври 2013 г. ученици, наставници, Еко-одборот на училиштето, еколошката секција, локалната заедница и јавните претпријатија учествуваа на масовна Еко-акција како дел од националниот проект „Македонија без отпад“ имплементирана од Министерството за животна средина и Асоцијацијата на граѓанската организација „Ајде Македонија“ поддржана од МОН.

На 08 октомври 2013 г. во соработка со Црвен крст. организирана е ***презентација*** за значењето на крводарителството со учениците од IV год. Соработник: Мирјана Гичевска.

На 10 октомври 2013 г. на општинскиот Есенски крос под менторство на Борко Тромбев освоени беа поединечни награди и признанија за две први места, едно второ и четири трети места.

Од 11 до 13 октомври 2013 г. училишите психолози Славица Наумовска и Марија М. Димитровска учествсваа на ***Меѓународна научна-стручна конференција*** „Современи трендови во психологијата“ во Нови Сад, Р. Србија, со свои стручни трудови од областа на клиничката и социјалната психологија кои беа објавени во Зборникот на трудови од конференцијата.

На 18 октомври 2013 г. во организација на ОО на Црвен крст-Битола , ученици од II и III год. учествуваа во активностите за одбележување на „Неделата за борба против гладта“ во координација со Мирјана Гичевска и Катерина Маурдева.

НАСТАВНА ПРАКТИКА

Весна Мундишевска-Велјановска

СИСТЕМАТИЗАЦИЈА НА МАТЕРИЈАЛОТ ВО ФУНКЦИЈА НА ЗАЦВРСТУВАЊЕ НА ЗНАЕЊАТА

Систематизацијата на материјалот е на тенката линија меѓу повторувањето (во функција на заокружување на некоја логичка содржинска целина или наставна тема, а со цел зацврстување на знаењата на учениците и нивно преточување во темелни знаења) и утврдувањето (во функција на зацврстување, проширување и продлабочување на знаењата, а со цел коригирање на неточности и согледување на квалитетот на знаењата на учениците). Часовите за систематизација на материјалот се практикуваат најчесто на почетокот или на крајот на учебната година, на крајот на тромесечие, полугодие или на некоја поголема наставна тема.

Пред реализацијата на ваков час учениците треба да бидат информирани за целта, содржината, критериумите и начинот на изведување на систематизацијата на материјалот.

Во текот на подготовката за часот наставникот треба внимателно да го обмисли обемот на наставна материја што ќе ја обработува, како и тежината и соодветноста на задачите. Треба да се има на ум дека активностите кои ќе се реализираат треба да придонесат за развој на способностите на учениците и нивното логичко размислување, како и за развој на нивната самостојна работа. Конечно, сето ова треба да се стави во функција на зацврстување на знаењата на учениците и согледување на резултатите од работењето на наставникот. На ваквите часови ученикот е во преден план со својата максимална ангажираност и мисловност, а наставникот е повеќе организатор и координатор на активностите.

И на часовите за систематизација, како и на другите, квалитетот на наставната реализација во многу зависи од умешноста на наставникот да избере и да комбинира соодветни форми, методи и техники на наставна работа.

Примерот кој ќе го образложам се однесува на систематизација на материјалот од првото полугодие за наставниот предмет *Технологија на печат и доработка* за четврта година графичка струка, графички техничар. Во оваа предлог-организација на наставен час предвидена е комбинација на фронтална, групна форма и индивидуална работа со повеќе методи и техники на наставна работа и тоа: монолошки, дијалошки, демонстрација, анализа, синтеза, дискусија, табела со клучни поими и peer оценување (оценување од соученици). Предвидено е часот да се реализира со примена на ИКТ, а од наставни средства и помагала, покрај компјутери, неопходни се и: е-верзија на наставниот материјал, примероци од графички производи, прилог – Табела со клучни поими (печатена и е-верзија), примероци од учебниците на учениците (Македонски јазик и литература или друг учебник) и прилог – Повратна информација од табелата со клучни поими (е-верзија).

Во ***ВОВЕДНИОТ ДЕЛ (10 мин.)*** на учениците им поставувам прашања за основните карактеристики на технолошките процеси, постапки и техники кои беа изучувани во текот на првото полугодие од учебната година. Прашањата ги поткрепувам со покажување на соодветни слики преку компјутер или примероци од графички производи.

Учениците внимателно ги слушаат прашањата, ги анализираат сликите и примероците, искажуваат одговори врз основа на наученото од претходните часови по предметот и дискутираат

Потоа ги запознавам учениците со целта на часот и им давам напатствија за работа. Им кажувам дека секој ќе работи самостојно, дека доколку имаат потреба може да побараат дозвола за користење на наставниот материјал, дека на крајот од часот ќе се даде повратна информација и ќе се направи контрола на одговорите на прашањата така што секој ученик ќе го оцени ученикот кој седи до него според скалата за бодување од наставните листови што ќе ги добијат.

Во ***ГЛАВНИОТ ДЕЛ (20 мин.)*** на учениците им делам наставни листови со табела со клучни поими, им давам напатствија за нивно пополнување и им кажувам дека имаат 15 мин. за работа.

Учениците со индивидуална работа внимателно ги читаат прашањата, ги анализираат илустрациите, ја пополнуваат табелата, по потреба бараат помош од наставникот или со дадена дозвола, го користат наставниот материјал.

Додека учениците работат, јас ги следам, се грижам за регуларноста на примената на табелата со клучни поими, потсетувам на времето за работа, давам насоки на учениците кои имаат

потешкотии во работата и им дозволувам користење на наставниот материјал, постојано ги мотивирам и ги поддржувам.

Во ***ЗАВРШНИОТ ДЕЛ ОД ЧАСОТ (15 мин.)*** од учениците барам да ги заменат наставните листови со соучениокот кој седи до нив и им давам напатствија за спроведување на peer оценувањето. Им кажувам дека секој точен одговор треба да го бодуваат со еден поен и на компјутер им ја покажувам повратната информација – пополнетата табела со клучни поими. Преку поставување на прашања ги поттикнувам на дискусија за нивните одговори.

Учениците усно ги изнесуваат своите одговори, искажуваат мислења, дискутираат, по потреба поставуваат прашања до наставникот и ги бодуваат одговорите на соучениците.


Потоа вршам анализа на одговорите на прашањата од страна на учениците и давам дополнителни објаснувања за прашањата на кои што има најмал број на точни одговори.

На крајот на часот ги повикувам учениците да го кажат бројот на освоени поени, ги мотивирам, ги пофалувам за ангажманот и за постигнатите резултати, а потоа врз основа на тоа извлекувам заклучок за постигнатоста на целите на часот.

Вака поставената организација на час за систематизација на материјалот пред секој ученик поставува високи очекувања, но со остварливи предизвици, силна мотивација, целосна ангажираност на секој ученик на часот, повратна информација која им помага на учениците индивидуално да напредуваат, peer оценување кое овозможува учениците да учат едни од други и да се поддржуваат, задоволство и повисока самодоверба. Од досегашната примена на вака организирани часови со сигурност можам да потврдам дека се работи за извонредно динамичен час кој го ангажира секој учесник на часот и предизвикува голем интерес кај учениците, но и огромно задоволство кај наставникот.




Прилог – ТАБЕЛА СО КЛУЧНИ ПОИМИ

Име и презиме _____ **Клас** _____

		Одговори на дадените прашања без користење на наставниот материјал			
Ред. бр.	Прашања				
1	На кој технолошки процес припаѓа секој од наведените производи?	**ПЛИК** _____ _____ _____	**КНИГА** _____ _____ _____	**ЕТИКЕТА** _____ _____ _____	**ВРЕЌА** _____ _____ _____
2	Кои начини и постапки се применети за изработка на твојот учебник по македонски јазик и литер.?	Начин на спојување на книжниот блок со корица _____	Подготвителна постапка (за корицата) _____	Начин на собирање на табаците _____	Вид на сечење (после спојувањето на табаците) _____
3	Каков начин на спојување на табаците е прикажан на секоја од сликите?	_____	_____	_____	_____
4	Какво свиткување е прикажано на сликата?	_____	_____	_____	_____
5	Кои ознаки на табакот се прикажани на сликата?				
6.	Кои се најбитните карактеристики на наведените видови на површување?	**МЕКО ПОВРЗУВАЊЕ** _____ _____ (вид на корица)	**ТВРДО ПОВРЗУВАЊЕ** _____ _____ (вид на корица)	**БРОШИРАНО ПОВРЗУВАЊЕ** _____ _____ (вид на корица)	**БЕШАВНО ПОВРЗУВАЊЕ** _____ _____ (начин на спојување)

СКАЛА НА БОДУВАЊЕ:
0-7 Недоволен (1), 8-12 Доволен (2), 13-16 Добар (3), 17-20 Мн. добар (4), 21-24 Одличен (5)
Поени /Оцена: _____ Дадено на увид на _____ г. _____

Прилог – ПОВРАТНА ИНФОРМАЦИЈА од табелата со клучни поими

Ред. бр.	Прашања				
1	На кој технолошки процес припаѓа секој од наведените производи?	**ПЛИК** Процес на преработка на хартија	**КНИГА** Процес на книговрзувачка доработка	**ЕТИКЕТА** Процес на амбалажа и картонажа	**ВРЕЌА** Процес на амбалажа и картонажа
2	Кои начини и постапки се применети за изработка на твојот учебник по македонски јазик и литер.?	Начин на спојување на книжниот блок со корица лепење	Подготвителна постапка (за корицата) жлебење / бразденье / биговање	Начин на собирање на табаците табак на табак	Вид на сечење (после спојувањето на табаците) обрежување
3	Каков начин на спојување на табаците е прикажан на секоја од сликите?	 шиење со конец без газа	 со спирали (механички постапки)	 шиење со жица низ превојот	 шиење со жица покрај превојот
4	Какво свиткување е прикажано на сликата?	 наизменично (цик-цак)	 аголно (намотно)	 фенстер-фалц (прозорец)	 комбинирано
5	Кои ознаки на табакот се прикажани на сликата?	ознака за свиткување примарна сигнатура		контролен знак норма	
6.	Кои се најбитните карактеристики на наведените видови на површување?	**МЕКО ПОВРЗУВАЊЕ** свитливи корици од потанка лепенка, картон или пластика (вид на корица)	**ТВРДО ПОВРЗУВАЊЕ** корици од подебела лепенка обложени со материјал за пресвлекување (вид на корица)	**БРОШИРАНО ПОВРЗУВАЊЕ** картонски корици (вид на корица)	**БЕШАВНО ПОВРЗУВАЊЕ** лепење со специјални лепила (термолепила, полиуретански, дисперзиони) (начин на спојување)

НАСТАВНА ПРАКТИКА

м-р Виолета Недановска
Милица Д. Радевска

НАЈДОБРИ ПРАКТИКИ ОД РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТИ ОД ПРОГРАМАТА „ПОДГОТОВКА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ И РАБОТА“

Наслов на активноста/темата: **Лидерство и лидерски вештини**
Потребно време за реализација: 2 часа
Наставен предмет/ Модул од Програмата: **Тимска работа и лидерство/ Бизнис и претприемништво, македонски јазик и литература-Програма за додатна настава**
Наставна содржина: **Стекнување на лидерски вештини**
Струка / вид на образование: гимназиско образование
Методи и техники на работа: играње улоги, сценарио, самооценување, активност во голема група, дискусија во голема група.
Потребни средства/материјали:сценарија, алатка за стилови на лидерство, хартија, маркери, селотејп, формулари за самооценување, Програмата за подготвеност за работа, Модул 5, односно алатката 5.1., Интернет, компјутер, усб.

Краток опис на активноста:

На учениците им се презентираат стиловите на лидерство за да можат да го препознаат сопствениот стил на однесување како лидер и да стекнат лидерски вештини. Во реализацијата на оваа активност се користи Програмата за подготвеност за работа, Модул 5, односно алатката 5.1. За оваа активност на часовите од додатна настава беа ангажирани ученици од четврта година, гимназиско образование.

Воведување на учениците во активноста:

На првиот час учениците ги групираме во четири групи и им се дели материјал за стиловите на лидерство. Учениците се запознаваат со стиловите на лидерство и преку дискусија за познати личности од нивното најблиско опкружување ги идентификуваат нивните лидерски способности. Притоа учениците ги истакнуваат силните страни на личностите и даваат свој коментар за тоа дали себе си се гледаат како лидери.

Активности кои треба да ги реализираат учениците:

На вториот час учениците размислуваат за тоа кој од дадените стилови ќе биде соодветен за дадена ситуација. Всушност, учениците истражуваат за тоа каков стил на лидер одговара за соодветното работно место. Од даденото истражување изработуваат соодветено сценарио кое го презентираат. Учениците од другите групи во даден формулар ги бележат ефектите од соодветниот тип на лидер, односно колку стилот на лидер одговара на работното место. За реализација на оваа активност учениците истражуваат на Интернет, односно ги користат материјалите од различни документарни емисии во кои е проследен стилот на лидерство на познати историски личности, на пример на Винстон Черчил, на Маргарет Тачер, Џон Кенеди, Борис Трајковски, Мајка Тереза , Махатма Ганди.

Начин на следење и оценување на постигнувањата на учениците:

- Алатка за самооценување;
- Алатка за набљудување на стилови на лидерство и нивните карактеристики;
- Изработени сценарија за стилов на лидерство сообразно на карактеристките на стиовите на лидери;
- Алатка за пост-оценување.

Постигнати резултати од учениците:

Учениците по завршувањето можат :
- да ги дефинираат карактеристиките на ефикасен лидер;
- да ги разјаснат сопствените стилови на лидерство;
- да стекнат карактеистики на одреден тип на лидер според своите способности;
- ги применат стекнатите знаења во идентификување на карактеристиките на ефикасни лидери од нивната средина.

Прилози:

- алатка за самоценување;
- алатка за набљудување на стилови на лидерство и нивните каракетристики;
- алатка за пост-оценување;
- прилози на сценарија за идентификување на различни стилови на лидерство;
- фотографии;

Прилог 3 Прашања од наставникот за пост-оценување

Авторитарниот и убедувачкиот стил на лидерство најмногу преовладуваат:

- во големи групи - во пасивни групи
- кога треба брзо решение или да се запази рокот - во активни групи

Консултативниот стил на лидерство е најефикасен или преовладува:

- во големи групи - во групи кои се слабо организирани
- во групи кои не се мотивирани - во добро организирани групи

Партиципативниот стил на лидество најмногу преовладува и е ефикасен:

- во големи групи - во мали групи
- Во немотивирани групи
- Во групи кои можат да се снаоѓаат во помалку дефинирана средина
- Во групи кои имаат релативно висока потреба од независност
- во групи каде членовите очекуваат заедничко донесување одлуки
- во групи каде членовите го имаат потребното знаење и искуство за да се справат со проблемот
- во мотивирачки групи

Прилог 4. Самооценување: Модул 5
Тимска работа и Лидерство

Мое искуство / Знаење, вештини и способности	**Немам никакво искуство**	**Малку знам за**	**Имам некое искуство**	**Имам доста искуство во ова**	**Сигурен сум во својата способност да го направам ова**
Да ги идентификувам карактеристиките на ефикасен лидер					
Да покажам лидерство во приватниот живот и со други лица, во училиштето или во заедницата					
Да промовирам групна соработка					
Да го сфатам својот сопствен стил на лидерство					
Да ги идентификувам карактеристиките на секој стил на лидерство					

НАСТАВНА ПРАКТИКА

Милица Димитријовска-Радевска

ОПО И ДНЕВНИК СО ДВОЕН ЗАПИС

Просветителството во Европа и во Македонија е наставна тема која се разработува во втора година реформирано стручно образование. Истата, бидејќи опфаќа содржини во кои повеќе се застапени историски и фактографски податоци, а многу помалку книжевни аспекти, кај учениците предизвикува пасивност, незаинтересираност, соочување со примери од црковнословенскиот јазик. Затоа при разработката на оваа наставна единица користам форми и методи на работа кои истовремено бараат од учениците целосна нивна ангажираност, читање на текст, анализа, дискусија и синтеза.Односно со ваквиот начин на работа се остваруваат повеќе цели на наставниот час. Освен што ги усвојуваат основните фактографски белези за просветителството во Македонија, умеат да ги коментираат и да ги споредуваат основните податоци за животот и делото на Крчоски и Пејчиновиќ поврзани со историскиот контекст, согледуваат дека во просветителската дејност има автори чиишто општи идеи се универзално-просветителски и учениците применуваат емпириският начини на истражување, анализа и синтеза врз информациите што ги добиваат.

Во оваа предлог-организација на наставен час предвидена е комбинација на фронтална, групна форма и индивидуална работа со повеќе методи и техники на наставна работа и тоа: монолошки, дијалошки, бура на идеи, ОПО, дневник со двоен запис-(видно прилагоден според потребите на часот), дискусија, анализа, синтеза. Предвидено е часот да се реализира со примена на ИКТ, а од наставни средства и помагала, покрај компјутери, неопходни се и: е-верзија на наставниот материјал од Интернет, е-верзија на наставното ливче со ОПО стратегијата и дневникот со двоен запис, примероци од учебниците на учениците.

Во ***ВОВЕДНИОТ ДЕЛ (10 мин.)*** од учениците барам да ги презентираат наставните ливчиња со ОПО стратегијата за животот и дејноста на Јоаким Крчовски, на кое истражување работеа на претходниот час. Секоја група ги претставува своите наставни ливчиња со можни прашања и одговори. Со примена на оваа стратегија учениците ја совладуваат постапката за правилно формулирање на прашања од сите видови и нивоа и лоцирање на најважните податоци во една содржина, независно дали станува збор за предметот македонски јазик и литература или за друг наставен предмет. Истовремено, секој ученик е вклучен во процесот на усвојување на знаења, поставување на прашања, барање одговори и повторување.

Потоа ги запознавам учениците со целите на часот и им давам насоки за работа. Им кажувам дека секој ученик најпрвин ќе работи самостојно, односно ќе го прочита фрагментот од „Слово заради завист“, а потоа во парови, односно групи ќе треба да ги внесат податоците според барањата на прилагоденето наставно ливче за потребите на анализата на истиот текст.

Во ***ГЛАВНИОТ ДЕЛ (20 минути)*** учениците поделени во парови, односно групи ги внесуваат во наставното ливче податоците за мотивот, темата, идејата, композицијата на словото, јазикот на кој е пишувано словото, карактеристиките на словото, односно историските и книжевните аспекти. Потоа учениците го разгледуваат јазикот во словото од аспект на фонетските, морфолошките, синтаксичките и лексичките особености.

Додека учениците работат, ја надгледувам нивната работа, сугерирам можни решенија, поттикнувам да понудат соодветен пример, илустрирам со слични примери и ситуации,

ОПО-однос прашање одговор	**Соодветно прашање**
Во текстот	1.Кој е првиот книжевник во новата македонска литература? Јоаким Крчовски 2.Кога и каде е роден Јоаким Крчоски? Според преданијата се претпоставува дека се родил кон крајот на 18 век или по 1750 година, с. Осломеј, кичевско, според турскиот назив за градот Кичево – Крчово. 3.Колку дела напишал во периодот од 1814-1819? Пед дела на народен говор. 4.Која била задачата на неговото дело? Да му помогне на својот народ за христијански живот. 5.Која е највиската вредност на Крчовски?Воведување на простиот народен јазик во книжевноста. Група 2 1.Која книга ја објавил прва и кога? 1814 Слово исказаное ради умирание составена од две проповеди и тоа Слово ради умирание и слово заради исповедание. 2.Која е втората книга ? Повест ради страшнаго и втораго пришествија Христова составена од два текста – 1814 во Будим 3.Која е третото дело? Митарства 1817 Будим 4.Што претставува книгата Чудата на пресвета Богородица? Таа е превод на третиот дел од книгата Араматалон сотириа од светогорскиот монах Агапиј Критски. Истата е преведена од Крчоски и објавена 1817 Будим Група 3 1.Кога е објавена најобемната и последна книга на Крчосвки? 1819 Будим содржи 310 страници, Различни поучни наставленија. 2.За што станува збор во книгата? Ја исполнуваат толкувања на одделни места од Евангелието, Апостолот, Псалтирот. 3 Кое е значењето на делата на Крчовски? Претставува една етапа од развитокот на македонскиот писмен јазик. 4.На кој јазик се создадени делата на Крчовски? На народна основа, североисточни македонски дијалекти, кратовско-кривопаланечки.
Размисли и побарај	Според кои јазични карактеристики го определуваме карактерот на писменоста на Крчовски?
Писателот и ти	

одговарам на дополнителните прашања на учениците.

Во ***ЗАВРШНИОТ ДЕЛ(15 минути)*** преку мрежното поврзување ја вклучувам секоја група да ги изложи своите решенија и одговори, развивам дискусија за направената анализа, за проблемите со кои се соочуваат учениците и заедно правиме своевидно резиме за усвоените знаења од анализата на текстот „Слово заради завист“.

Вака поставената организација на час за обработка на ваква наставна содржина им овозможува на учениците да бидат ангажирани, креативни, да ги почитуваат туѓите ставови и мислења, се продлабочуваат вештините од вербалната и невербалната комуникација.

Фрагменти од словото „Слово заради завист“	Авторот вели...барања за анализа	Одговори, сугестии, прашања за дискусија
	Тема	зависта како негативна човечка особина
	Идеја	Како се спаси или избави човекот од зависта
	наратор	Сезнаечки наратор
	композиција	
	Јазик	Народен говор, кратовско-кривопаланечки
	Карактеристики на делото	Религиозен и морализаторско дидактичен-поучен
фонетски особености		
Прокљатаја, земља, љутина, употреба на меко љ.		Употреба на мекото љ
грех, грехове, најхубава, божествених, хубавина		Употреба на гласот х во сите позиции
слнца		Употреба на вокално л
дјавол		Консонтската група dj=ѓ
срдце		Употреба на вокално р
муки развој на вокалот он- у		Мака развој на старолсовенскит вокал он кое во цнтралните говори дава развој а. Пример, мака, рака, пат.
морфолошки особености		
она		Показна заменка таа
Предлог сос удвоен предлог со		со
Предлог у		во
грехове		гревови
најхубава		најубава
бидем		Бидам/сум
Човеци од еднинската форма човек		луѓе
Синтаксички особености		
Помрачил се, кратката заменска форма доаѓа по глаголската форма во источните говори.		Се помрачил, во западните и централните говори
Лексичко ниво		
црковнословенизми-сиреч		
Турцизми-фодуллук,		
бугаризми-сичко		

ОЦЕНУВАЊЕ

Марија Младеновска-Димитровска

СОВРЕМЕНИ ТЕНДЕНЦИИ ВО ОЦЕНУВАЊЕТО НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Системот на образование е еден од најкомплексните и најдинамичните системи во едно општество и затоа е подложен на постојани промени. Образовниот систем, чија главна цел е едукацијата, воспитувањето и развојот на младите генерации, е основен генератор на напредокот на едно општество. Во последните години сè почесто се зборува за реформи на образовниот систем и за промена на постојниот модел на настава т.н. традиционален модел на настава и воведување современ модел на настава, кој ќе ги следи развојните трендови на современите концепции на наставата и ќе воведе иновации во наставниот процес.

Преку воведувањето на современите концепции во наставата треба да се постигне поголема флексибилност на наставните планови и програми, поактивна вклученост на учениците во процесот на наставата, пофлексибилни форми на настава која првенствено ќе биде насочена кон ученикот и развојот на неговите способности, креативноста, творечкиот дух.

Современиот модел на настава треба да биде проследен и со промени во начинот на оценување и вреднување на знаењето на учениците.

- ***Оценување на квалитетот на знаењата, а не само на квантитетот.*** Современиот начин на оценување треба да биде насочен кон проверување и вреднување на квалитетот на стекнатите знаења, а не само кон квантитетот, односно обемот на усвоените факти и генерализации, туку многу повеќе кон продлабоченоста на знаењата, трајноста, поврзаноста со други знаења и практичната применливост. Тоа значи дека не треба да се оценува и вреднува т.н. енциклопедиско знаење, кое се должи на чиста репродукција на научени факти, туку многу повеќе треба да се оценува и вреднува т.н. продуктивно знаење односно употребливоста на знаењето во нови ситуации, за решавање на проблеми и поврзување на стекнатите знаења во систем на знаење.
- ***Оценување на самиот процес на стекнување на знаењата.*** За разлика од традиционалниот модел на настава каде се оценува она што е научено, усвоено, што честопати може да биде научено и напамет, без увид во значењето на усвоените содржини, при современиот начин на оценување се води сметка и за процесот како се учи, а не само што се учи, за активностите, способностите и вештините кои се развиваат при процесот на учење и практичната оспособеност на ученикот да го примени усвоеното знаење, а не само да го репродуцира. При ваквиот начин на оценување ученикот се следи во текот на целата наставна година, не само што научил, туку и како учи, како работи и каква оценка има е резултат на целокупниот негов ангажман во текот на годината, за разлика од традиционалниот начин на оценување каде по обработката на одредена целина се проверува стекнатото знаење на ученикот. Кај современиот начин на оценување особено важна, дури и поважна од самата оценка е повратната информација што ја добива ученикот за тоа како и што учи и што и како треба да учи.
- ***Оценувањето да е повеќе дијагностичко и формативно, отколку сумативно***. Целта на современиот начин на оценување не е првенствено да се даде сумативна оценка, било да станува збор за оценка по завршување на одредена тема, тримесечје, полугодие или крај на година, туку многу повеќе да се врши дијагностичко проверување во текот на реализацијата на наставата со цел утврдување и проверување на стекнатите знаења, стекнување увид во постоење на евентуални празнини во знаењето, пополнување на тие празнини навремено и поттикнување на учениците да стекнуваат знаење, а не да се борат само за добивање на оценка. Оценувањето е процесно и трае во текот на целата година и има формативен карактер. За ваквиот начин на оценување е особено важна повратната информација преку која ученикот и

наставникот ќе имаат увид до каде се во процесот на стекнување на знаење. Со ваквиот начин на оценување се избегнува практиката да се учи само за оценка и кампањски во периодот кога се испитува или се прават тестови, туку се поттикнува учењето заради стекнување знаења.

- ***Примена на различни методи и техники на оценување.*** Во современиот начин на оценување се инсистира оценката на ученикот да е резултат на примена на различни начини и техники на оценување, а не само на усно и писмено оценување. При ваквиот начин на оценување се користат повеќе различни методи и техники, покрај усното и писменото проверување, се користат и практично проверување, преку изработка на различни проекти, творби, есеи, самооценување на учениците и притоа се користат различни инструменти како чек-листи, инвентари, скали на процена итн. На овој начин се настојува да се избегнат негативните последици од стандардните начини на оценување како недоволната објективност, валидност, влијанието на различни субјективни фактори на оценката итн.
- ***Континуираност на оценувањето и вреднувањето на знаењето на учениците.*** За разлика од традиционалниот начин на оценување каде најчесто се оценува во одредени периоди, односно пред крајот на класификационите периоди и кое е најчесто кампањско, во современиот начин на оценување се препорачува оценувањето и проверувањето на знаењето на учениците да се одвива во текот на целата година, да се следи напредувањето на учениците, да се согледуваат пропустите и да се врши континуирано поучување на учениците кое се базира на согледувањата од проверувањето.
- ***Позитивна насоченост на оценувањето.*** Оценувањето е насочено кон барање знаење, а не кон ловење на грешките на учениците и незнаењето. За разлика од оценувањето во традиционалниот модел каде оценувањето е претежно насочено кон репресивно проверување и оценување и секое незнаење се казнува, во современиот модел на настава се настојува оценувањето и проверувањето да е насочено кон тоа што ученикот знае и може, се истакнува знаењето, се мотивира ученикот, што придонесува за развивање на позитивен став кон учењето, подигнување на самодовербата кај учениците, градење на чувство на сигурност и компетентност и намалување на стравот од неуспех и стравот од испрашување.

ЗАКЛУЧОК

Системот на оценување е неминовно поврзан со моделот на изведување на наставата. Доколку сакаме да направиме подобрување на начинот на оценување и вреднување на знаењето на учениците, мораме нужно да направиме промена и во начинот на изведување на наставниот процес. Притоа, главната цел треба да ни биде стекнувањето квалитетни знаења кај учениците, знаења кои се долготрајни и практично применливи, а во исто време треба да водиме сметка и за воспитната компонента на воспитно-образовниот процес. Промените во начинот на оценување и изведување на наставатаа треба да бидат темелни и пред сè засновани на научните сознанија од областа на психологијата и педагогијата. Само така ќе изградиме современ образовен систем.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1. Gojkov G., „Dokimologija“, Viša škola za obrazovanje vaspitača Vršac, Vršac, 2003.
2. Керамичиева, Р., „Психологија во образованието и воспитанието“, Просветно дело, Скопје, 1996.
3. Мурџева-Шкариќ, О. „Развојна психологија“, Филозофски факултет , Скопје, 2004.
4. Поповски К., *„Современи сфаќања за проверувањето и оценувањето на постигањата на учениците“,* ППС “МИС“, Скопје, 1996.
5. Такашманова-Соколовска, Т., „Когнитивниот развој и сликата за себе во периодот на адолесценција“, Скопје, 1998.
6. Stevanović, B., „Pedagoška psihologija, Zavod za uđbenike i nastavna sredstva“, Beograd, 1981
7. „Унапредување на оценувањето во училиштата“, USAID Macedonia, Скопје, 2007

ОЦЕНУВАЊЕ

м-р Валентина Николовска

МЕДОДИ НА ПРОВЕРУВАЊЕ НА ПОСТИГНУВАЊАТА И СПОСОБНОСТИТЕ – ОД ПРАКТИКАТА

ВОВЕД

Училиштата како воспитно-образовни установи ја имаат крајната цел - создавање на што поквалитетни кадри или создавање на личности со темелни, трајни знаења. За да се постигне таа цел неопходно е постоење на професионален кадар којшто ќе знае како да го пренесе своето знаење на учениците, но тука не завршува воспитно-образовниот процес.

Многу битен момент во наставниот процес е и следењето, проверувањето и оценувањето (вреднувањето) на постигањата на учениците.

Постојат лепеза методи за собирање и користење на информации за тоа колку добро учениците го совладуваат материјалот. Изборот на методите се движи од набљудување и поставување на прашања како дел од секојдневната настава, па се до поформалните методи како што е стандардизираното тестирање.

1. ПОИМ ЗА МЕТОД

Под метод (methodos) се подразбира начин, пат, постапка на смислено, планско постапување (дејствување) на човекот, насочено кон постигнување на определена цел.

Тешко е да се говори за некој строго определен број на методите на следење и проверување, но факт е дека најчесто се споменуваат следниве методи и нивните варијанти:

- метод на набљудување - систематско следење на спонтаното однесување на ученикот;
- метод на разговор - дијалог или усно проверување и неговите варијанти (катехетички, еуристички и слободен разговор- дискусија), како и разни видови на усно одговарање на ученикот - раскажување, опишување, објаснување, известување и образложување;
- метод на писмено проверување и писмено одговарање (писмени работи, домашни писмени задачи, контролни задачи и сл.);
- метод на практично проверување (практични изведби на учениците).

2. УСНО ПРОВЕРУВАЊЕ И НЕГОВИ ВАРИЈАНТИ

Усното проверување е постапка на непосредна комуникација, во која наставникот усно поставува прашања, а ученикот исто така, усно одговара. Тоа е еден вид дијалог меѓу наставникот и ученикот кој се води со одредена цел и е однапред планиран (подготвени прашања, определена тема, време). За усното проверување во нашата практика се користат и термините испрашување и испитување, кои иако се многу слични, сепак, немаат синонимно значење со терминот проверување. Термините испрашување и испитување повеќе се поврзани со формите на формално проверување и оценување како што се официјалните проверки и оценувања, додека проверувањето се сфаќа како составен елемент на наставниот процес, т.е. како постапка на континуирано проверување на работата и постигањата на учениците.

Интеракцијата (взаемната комуникација) меѓу наставникот и учениците во усното проверување може да се одвива во повеќе форми на разговор (катехетички, еуристички, слободен разговор или дискусија) или во вид на слободни усни произнесувања на ученикот (опишување, објаснување, известување, раскажување, образложување и сл.)

2.1. КАТЕХЕТИЧКИ РАЗГОВОР

Еден вид на усно проверување е катехетичкиот разговор меѓу наставникот и ученикот. Доаѓа од зборот катехетика, што значи вештина на поучување - во форма на прашања и одговори. Наставникот поставува прашања, а ученикот одговара со веќе готови, напамет научени егзактни одговори. Овој тип на разговор уште се нарекува и диригиран разговор бидејќи од ученикот се бара буквална репродукција на дефиниции, правила, закони, податоци и сл.

2.2. ЕУРИСТИЧКИ РАЗГОВОР

Еуристичкиот разговор е начин на усно проверување што се одвива во вид на дијалог во кој наставникот, со прашањата што му ги поставува на ученикот, всушност, постепено го води, врз основа на неговото предзнаење (искуство) и со сопствени напори и логично размислување, да дојде до нови сознанија и заклучоци. За да може да одговори ученикот на прашањата мора да размислува, да изведува разновидни и сложени операции на анализирање, споредување, синтетизирање, заклучување итн.

2.3 СЛОБОДЕН РАЗГОВОР (ДИСКУСИЈА) И ИНТЕРВЈУ

Слободниот разговор меѓу наставникот и учениците, како и дискусијата по определени

прашања е многу погодна форма на усно проверување.

Преку слободниот разговор (кога се разговара за постапките на одредени ликови од литературните дела) се доаѓа до сознанија за ставовите, интересите, склоностите на учениците. Тие знаат дека може да го кажуваат она што го мислат, во врска со темата која се анализира и притоа да не се плашат ако тоа што го размислуваат е сосем спротивно и поразлично од размислувањето на останатите во класот. На тој начин секој слободно го изразува својот став што е основа за успех и понатамошна успешна дебата. Така нивните видици, размислувања се прошируваат што е основа за градење на успешни и свои личности кои тоа ќе го применуваат во понатамошната практика и живот.

Методот на разговор во форма на интервју е структуриран, а не слободен разговор. Таков разговор, со однапред определена тема и цел, може да се води со поединци или групи ученици, со други наставници, со родителите итн.

Со таков разговор, во вид на интервју, може да се разјаснат одредени ставови, верувања, убедувања, интересирања и сл.

2.4 ПРЕДНОСТИ И СЛАБОСТИ НА УСНОТО ПРОВЕРУВАЊЕ ОД ПРАКТИКАТА

Предности:

- можност да се види приказот и соодносот на вербалната и невербалната комуникација (колку ученикот е заинтересиран, колку внесува чувства);
- овозможува на послабите ученици да се задаваат полесни прашања (мотивација);
- овозможува употреба на дополнителни прашања;
- помага подобро да ја запознаам личноста на ученикот.

Слабости:

- одзема многу време;
- додека трае усното проверување дел од учениците остануваат неангажирани, па наставникот мора да задава дополнителни активности;
- оваа форма на проверување се одбегнува кај ученици со стрaмежлива и несигурна природа;
- истото прашање не може да се постави на сите ученици (губење на објективноста).

3. ПРЕДНОСТИ И СЛАБОСТИ НА ПИСМЕНОТО ПРОВЕРУВАЊЕ ОД ПРАКТИКАТА


Предности:

- овозможуваат наставникот да донесе пообјективна оценка за начинот на изразување, стилот, правописот;
- сите ученици одговараат на иста тема пр. при писмена работа, што дава можност за споредување на резултатите;
- учениците имаат време за концентрација и размислување;
- од писменото проверување останува документација за постигнатите резултати.

Слабости:

- писмените работи и домашните задачи бараат многу време за успешна проверка;
- писмените работи бараат повеќекратно читање и споредување - класифицирање во групи по оценки.

4. НАБЉУДУВАЊЕ (ВИДОВИ)



- да се дефинира целта на набљудувањето;
- да се определи предметот – што ќе се набљудува;
- да се планира времето на набљудувањето;
- да се определат средствата или техниките
- што ќе се користат за бележење (регистрирање) на податоците.

4.1 ШТО МОЖЕ ДА СЕ НАБЉУДУВА КАЈ УЧЕНИЦИТЕ?

Голем дел од знаењата што ги усвојуваат учениците, а особено вештините, навиките и другите видови на нивно практично однесување кои, исто така, се резултат на воспитно образовната работа, не е можно успешно да се проверуваат усно или писмено, затоа постои набљудувањето.

Надворешните манифестации на однесувањето на учениците можат да бидат:

- телесни (невербални);
- вербални (поставување прашања);
- етички (карактерни) црти;
- мануелни и други физички активности.

ОЦЕНУВАЊЕ

Марија Гичевска

ВИДОВИ И МЕТОДИ НА ОЦЕНУВАЊЕ

Оценувањето претставува составен дел на наставниот процес (на учењето и на наставата) и притоа постои јасна врска меѓу целите и содржината на наставата и оценувањето, бидејќи поучувањето, учењето и оценувањето се процеси што се поврзани и обезбедуваат кохерентност во наставата. Од наставните цели и содржини зависи што ќе се оценува, а од исходот на оценувањето зависи како ќе се одвива наставата и кон какви цели ќе се стреми.

Терминот оценување, во својата најширока смисла, претставува процес на собирање и интепретирање информации за учењето и постигањата на учениците кои што се користат за: информирање на учениците и на нивните родители за напредокот во совладувањето на знаењата, способностите и ставовите; обезбедување поддршка на наставниците за да ја модификуваат својата настава и информирање на другите надлежни структури кои што донесуваат одлуки за образовната политика што се однесува на учениците (на пример, одлуките за напредувањето на учениците, одлуките за вклучување на учениците во одредени образовни програми и видови практични активности).

Ако оценувањето го сфатиме како следење на напредокот на учениците, тогаш мора да ја забележиме и важноста од ова оценување. Важно е оценувањето бидејќи дава информација за постигнатите компетенции од поединечни подрачја, односно дали и во која мера се постигнати поставените цели. Воедно, оценувањето му овозможува на наставникот повратна информација за неговата работа и полесно донесува образовни одлуки и ги прилагодува целите и поучувањето кон предзнаењата на ученикот. Низ овој процес наставникот воспоставува стандарди за следење на квалитетот, врши идентификација на начинот на подобрување на поучувањето, документирање на постигањата со цел донесување на информативни одлуки и проценка на влијанијата.

Во училиштето можат да се користат разновидни оценувачки активности кои не водат до следните видови на оценување:

Формативно оценување - се однесува на оценувањата што обезбедуваат информации за учениците и за наставниците што се користат за подобрување на наставата и учењето. Тие често се неформални и тековни, иако не мора да бидат такви. Формативното оценување ги опфаќа сите оние активности што се превземаат од наставниците и од нивните ученици и што обезбедуваат информации што ќе бидат користени како повратни информации за да се модификуваат активностите за поучувањето и учењето во кои тие се вклучени. Формативното оценување бара да се интервенира во текот на образовниот процес, да се собираат информации кои што се користат за да се насочуваат поучувањето што следи и учењето. Информациите од формативното оценување може да се користат за да се добијат повратни информации (да му кажат на наставникот и на ученикот колку добро нешто е научено) и да поттикнуваат натамошни активности (да се воспоставуваат планови за идното учење, да се поставуваат групни и поединечни цели, итн.) тоа е структурирано и на учениците им дава поддршка во проучувањето на идеите (на пример, преку прашањата што им се поставуваат) - што пак, од своја страна, може да даде информации за оценувањето. Тоа може но и не мора да биде планирано, бидејќи извесни инфомации ќе произлезат во текот на наставата и учењето и без планирање. Притоа повратните информации треба да се даваат непосредно, а не задоцнето - ова е важно бидејќи „учениците имаат најголема корист од брзите повратни информации“ (Black &Wiliam, 1998). Формативното оценување во основа е „една социјална интеракција меѓу наставникот и ученикот која се очекува да има позитивно влијание врз учењето на ученикот, но и не мора да има“(Torrance& Pryor,1998) и тоа им помага, повеќе на учениците со ниски постигања отколку на другите, ова влијае да се намали распонот на постигањата во една група. Формативното оценување се разликува од другите форми на оценување во тоа што постои зголемена реакција на повратните информации, поголема флексибилност и поголемо користење на диференцијацијата. Клучна почетна поента во формативното оценување е утврдувањето на она што ученикот веќе го знае. Тоа е важно за да се добијат основни податоци за оценувањето пред да се започне со учењето за да можат да се планираат соодветните активности за учењето. Тоа треба да води до поголема диференцијација во наставата - односно, усогласување на наставата и учењето со потребите на учениците.

Меѓу оценувањата што можат да се

користат за формативни цели се: одговорите на прашања поставени од наставникот или од самите ученици, листи на проверка, усните презентации, есеите и писмените извештаи, проектна работа, портфолијата, досиеата со трудовите на ученикот, квизовите и тестови изготвени од наставникот и тестови за одредена лекција или поглавје што ги обезбедуваат издавачите на учебници.

Сумативното оценување - се однесува на сумирањето на успехот на ученикот во одреден временски период. Според нацртот на стандардите за оценувањата, кога оценувањето се базира на мерењето на постигањата на ученикот на крајот на извесна посебна програмска содржина или на извесен временски период, тогаш резултатите се користат за да се дадат оценки за дотогашните постигања.

Сумативното оценување се однесува на кумулативните оценувања и обично се врши на крајот на извесна тема или тематска целина, со намера да се стекне увид во тоа што извесен ученик научил, или за квалитетот на учењето и да се даде суд за неговата работа според извесни стандарди. Макар што ние често мислиме за сумативното оценување како на традиционални објективни тестови, ова не треба да биде таков случај. На пример, сумативните оценувања можат да следат по извесна акумулација на евиденција собрана во текот на извесен временски период, како во збирка на изработки на ученикот. Сумативното оценување има повеќекратна употреба и резултатите можат да се искористат за: ставање на оценки во училишните книшки, за да се одреди кои ученици треба да одат на дополнителна настава, за вршење на евалвација на сопствената настава, за задоволување на административните барања и за задоволување на потребите на родителите да бидат информирани.

Примери за сумативни оценувања се: писмените испити на крајот на полугодието или на крајот на учебната година, квизовите и тестовите изготвени од наставникот, задачи насочени кон постапките и процесите (на пр. да се даде презентација или да се одржи говор, да се демонстрира како нешто се прави), портфолијата/ досиеата со најдобрите трудови (на пр. портфолија со пишани трудови), есеи/ писмени состави (како со ограничен така и со проширен одговор - кус или долг) за кои се дава вкупна оценка, усна презентација на трудот/работата, практичните тестови (пр. спроведување на некој научен експеримент, завршување на некој производ како што е извесен нацрт или некој модел), завршни проекти и артефакти/предмети (на пр. завршени цртежи) и стандардизираните тестови на постигања.

Наставникот сам одлучува на кој начин, со кои видови и методи, ќе ги поверува знаењата на учениците.

Има две групи на методи за проверувања на постигањата на учениците:

а. **Првите** се оние кои се насочени кон резултатот од квантитативните показатели на успехот и го проверуваат репродуктивното знаење. Овие постапки се пообјективни, повалидни. Тука спаѓаат тестовите на знаење, анкети, чек листи, структурираните есејски задачи. Методите со кои се добиваат квантитативни показатели се изработени по одредени стандарди имаат прецизно определени критериуми и норми и наставникот може да ги вклучи учениците во создавањето на критериуми за бодирање. Ученикот има увид врз скалата за оценување, времето за работа е определено, свесен е за сопствените постигнувања и можности. Со примена на квантитативните методи наставникот на побрз, попрактичен и поефективен начин собира валидни податоци, повратната информација ја дава во пократок рок и врз оценувањето нема ризик од субјективност.

б. **Вторите** се оние насочени кон процесот и квалитативните аспекти на успехот. Тие се помалку валидни и објективни, а ја проценуваат целината на личноста. Овде спаѓаат набљудувањето, неструктурираниот есеј и други задачи кои не се репродуктивни, туку истражувачки и креативни. Со примена на квалитативните методи ученикот има можност да ги изрази личните афинитети, способносат за дивергентно мислење, критичко мислење, креативни можности, интерперсоналната комуникација, соработката со локалната средина, упорноста и истрајноста на ученикот. Наставникот при изработка на критериумите за квалитативно оценување треба да има високо развиена способност за селекивност на богатството, широчината, јасноста на идеите за да може да воспостави систем на оценување. Квалитативните задачи бараа повеќе време за изработка од страна на учениците меѓутоа и повеќе време за нивно оценување.

Можеме да заклучиме дека за да се постигне успех во процесот на учење, поучување, да се донесе правилна одлука во врска со ученикот, да се направи добро планирање на учењето и правилно трасирање на образовната политика неопходно е критериумите и стандардите за оценувањето да бидат за сите

ученици исти. Затоа потребно е изедначување на критериуми и стандарди за квалитативните и квантитативни методи за оценување без разлика дали се работи за формативно или сумативно оценување на учениците. Воведувањето на екстерното оценување претставува можност за увидување на ефектите од учењето на национално ниво преку рамноправно вклучување на сите учесници во воспитно-образовниот процес. Со изедначување на критериумите за екстерно оценување одговорноста и мотивацијата кај учениците и наставниците за постигнување на успех би била многу поголема, а патот за да се успее во овој процес претставува континуирано формативно и сумативно оценување преку квалитено изработување и примена на методи и техники за спроведување на оценувањето.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА:

1. Видович, В., „Психологија образовања“, ИЕП ВЕРН, Загреб, 2003 г.
2. Гордон Томас, „Како бити успешан наставник“, Креативен центар, 2001 г.
3. Попоски Киро, „Успешен наставник - самооценување и оценување“, НИРО Просветен работник, Скопје, 1998 г.
4. Шил Томас, „Прирачник за примена на стандардите за оценување на учениците“, УСАИД, Скопје, 2007 г.

БЕЛЕЖИМЕ:

Во октомври 2013 г. Љубица Мешкова учествуваше на ***Фестивал на жени сликарки*** во Травзон, Р. Турција

На 18 октомври 2013 г. се организираше крводарителска акција, со учество на 23 крводарители наставници и ученици од училиштето.

На 18 октомври 2013 г. психологот Марија М. Димитровска реализираше ***работилница*** на тема: „Методи и техники на успешно учење“ со ученици од II год.

На 22 октомври 2013 г. психолозите Мирјана Гичевска и Наташа Р. Вучкова организираа работилница на тема: „Агресивноста и медиумите“ со ученици од IV год.

На 27 октомври 2013 г. Марија М. Димитровска, со ученици од II год., реализираше ***работилница*** на тема: „Алкохолизмот – порок на денешницата“.

Во октомври 2013 г. наставникот по ликовна уметност Љубица Мешкова зеде учество на Графичко биенале во Белград, Р. Србија.

На 1 и 2 ноември 2013 г. во Битола се одржа ***обука за продуцирање на мултимедијални интернет содржини*** во контекст на меѓуетничката интеграција во образованието, организирана од страна на МЦГО и Македонскиот институт за медиуми. Учесници беа Богослав Новески, Марија Гичевска и ученици од II и III год.

На 02 ноември 2013 г., по повод денот на ослободувањето на Битола, организирана посета на изложба на фотографии од работата на проекти на Р. М. „Партнери на реформите“ во организација на Делегација од ЕУ во Р.М. Присуствуваа: В.Трифуновски, Н. Р. Вучкова, М.М.Димитровска и ученици од II год.

На 04 ноември 2013 г. на ***Ноќната трка*** по повод ослободувањето на Битола под менторство на Борко Тромбев освоени беа поединечни награди и признанија за четири први места, едно второ и три трети места.

Од 6 и 7 ноември 2013 г. психологот Славица Наумовска учествуваше на Регионална конференција во Тирана, Р. Албанија на проектот „Регионална поддршка на инклузивно образование во Југоисточна Европа“.

На 14 ноември 2013 г. беше организирана ***акција*** за бесплатно мерење на шеќер и крвен притисок кај вработени и ученици од страна на ЦЈЗ-Битола во соработка со Мирјана Гичевска.

Во ноември 2013 г. во МОБ во Скопје се случи голем јубилеј 40 години активно залагање во македонската изворна музика на Стојан Трајковски, презентиран и одбележан преку концерт, монографија и музичко ЦД со наслов „Гласот на мојата душа“.

На 18 ноември 2013 г. се реализираше ***обука*** на ученици од II год. на тема: „Промоција на хумани вредности“. Обучувач: Мирјана Гичевска.

ОЦЕНУВАЊЕ

Наташа Ралевска-Вучкова

САМООЦЕНУВАЊЕ И ОЦЕНУВАЊЕ ОД СОУЧЕНИЦИ

Кога во секојдневниот живот се говори за оценување на постигањата на учениците, речиси, воопшто и не се поставува прашањето кој треба да го прави тоа, зашто се смета дека таа обврска сосема природно му припаѓа на наставникот. Таквото мислење преовладува и во училиштата, иако понекогаш се споменува (а има и обиди) во тоа да се вклучат и учениците. Се разбира, нема сомнение дека наставникот, кој реализира одредена наставна програма, е оној кој треба и да врши проверка и оценување на резултатите од тоа. Меѓутоа, веднаш треба да се каже дека таквото гледиште денес се смета за едностранo од две причини: прво, затоа што во процесот на проверување и оценување треба да се вклучат и учениците (преку самопроверување и самооценување или меѓусебно проверување и оценување) и некои други надворешни субјекти, и второ: затоа што, покрај оценувањето на постигањата и развојот на учениците, е потребно оценување и на работата на наставникот.

Во исто време наставата има за цел и осамостојување на учениците воопшто, па и за самопроверување и самооценување, кое не може да се научи поинаку освен преку нивно активно вклучување во овие активности.

САМООЦЕНУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИ

Еден од недостатоците на проверувањето и оценувањето во нашата сегашна училишна практика е отсуството или малата и често, формална вклученост на учениците во овие активности. Наспроти тоа, сите понови сознанија се залагаат за поголемо и вистинско вклучување на учениците во проверувањето и оценувањето на нивните постигања, со акцент на самопроверување и самооценување. Ваквите залагања имаат свои оправдувања.

1. Учеството на ученикот во овие активности ја зголемува неговата одговорност за сопственото учење. Не само што му помага подобро да ги осознае своите добри и слаби резултати од учењето, туку поуспешно согледува што и како треба повеќе и подобро да работи и да ја планира својата идна работа.

2. Вклучувањето во проверувањето и оценувањето многу поволно влијае на мотивацијата на ученикот. На тој начин се зголемува неговата верба во сопствените можности и тогаш учењето за него добива вистинска смисла. Исто така, тој се ослободува од мислата дека учи затоа што мора и сфаќа дека тоа е во интерес на развојот на неговата личност.

3. Преку соодветно вклучување на учениците во проверувањето и оценувањето на нивните постигања, тие **постепено се наведуваат, навикнуваат и оспособуваат за самопроверување и самооценување,** што е една од значајните цели на наставата и важен елемент во воспитанието и оспособувањето за самообразованието во текот на целиот живот.

ОЦЕНУВАЊЕ ОД СОУЧЕНИЦИ

Во врска со вклучувањето на учениците во проверувањето и оценувањето на нивните постигања значајно е уште едно прашање. Имено, во сегашната практика оценувањето е премногу ограничено само во рамките на комуникациите меѓу наставникот и ученикот. Се уште малку се почитува дека оценувањето е таква активност која, во извесна смисла, може да се третира и како кооперативен процес, кој е и социјално условен. Тоа значи дека освен оценувањето на ученикот од страна на наставникот (во кое тие се на спротивставени позиции) и самооценувањето (во кое ученикот самиот се вреднува), треба да се даде можност ***учениците да се оценуваат меѓу себе*** и да дискутираат за оценките што ги дава наставникот или самиот ученик. Во процесот на меѓусебното оценување кај учениците доаѓа до израз смислата за индивидуализација на оценувањето. Тогаш многу повеќе се земаат предвид субјективните можности на секој ученик и објективните услови во кои тој работи. Во таквото меѓусебно оценување на посоодветен начин се врши прилагодување на критериумите со можностите на одделните ученици, оценувањето добива елементи на вреднување и се создава основа за поголема привлечност во оценувањето на постигањата

на секој ученик. Овде треба да се спомне и можноста при ваквото меѓусебно оценување успехот (или неуспехот) на секој ученик да се поврзува и со (не)успехот на целата паралелка или друга група да се согледува и вреднува во зависност од (не)успехот на единките што ја сочинуваат. Тоа е можност за развој на соработничките односи и на чувството за одговорност за заедничкиот (не)успех.

За да можат учениците успешно да се ангажираат во (само)проверувањето и (само)оценувањето, потребно е наставникот организирано и систематски да им помага во тоа на тој начин што:

- ќе ги запознае со начините како може да се врши самопроверување и самооценување;
- ќе им помогне и покаже како да ги анализираат елементите на покажаното знаење;
- ќе ги запознава со критериумите за оценување на знаењето и на останатите постигања.

Ако така се постапува, ќе се создаде солидна основа за постепен премин од надворешна кон внатрешна мотивација на учениците за учење. Тоа, пак, придонесува кај нив да се развива чувството дека можат и сакаат да учат и дека умеат сами да се прверуваат и оценуваат – дека се компетентни за самоконтрола. Впрочем, учењето, во основа, е самонасочувачки процес. Тоа е автономно, индивидуално.

ЗАКЛУЧОК

Вклучувањето на учениците во проверувањето и оценувањето на нивните постигања и оспособувањето за самопроверување и самооценување е долготраен и многу суптилен процес. Успешното остварување на оваа цел не зависи само од желбата и успешноста на наставникот, бидејќи овој процес е условен од возраста на учениците, содржините што се проверуваат и оценуваат, методите и техниките на проверување итн. Учениците од помалата возраст се вклучуваат повеќе во опишување на постигањата (кој што може, што знае, како нешто прави), а помалку во оценувањето, додека повозрасните се вклучуваат и во оценувањето. Наставникот мора да има сериозен пристап кон самооценувањето и кон оценувањето од соучениците, а согледувањата од нив можат и треба да се земат предвид при формирање на завршната оцена на ученикот. Кога ученикот врши самопроверување и самооценување многу е битно како го прави тоа, каков критериум користи и со што го споредува своето знаење. Добро е учениците да се навикнуваат и оспособуваат своите постигања да ги споредуваат првенствено со сопствените поранешни резултати (сами да оценат колку напредувале), како и со критериумите што се официјално утврдени и што важат за сите ученици. Но, исто така, тие треба сопствената оценка секогаш да ја споредуваат со оценките што ги добиваат од наставниците, другарите, родителите и други субјекти. Природно е сите тие оценки да не се совпаѓаат, како резултат на разни причини (различно сфаќање на предметот на оценување, различни критериуми итн.). Но, токму во таквите разлики при оценувањето и во нивното споредување ученикот треба да ја бара својата оценка за себе. Ако самооценувањето редовно се практикува тоа придонесува за јакнење на самодовербата на учениците, на нивното достоинство и мотивација. Тоа ќе му помогне самиот за себе да формира пореална, пообјективна оценка и да биде подготвен за тоа да го понесе и ризикот - да согледа колку неговата оценка се разликува од оценките на другите. Впрочем, тоа е и најдобриот начин на образованието да реализира и една посебна цел – **да ги оспособи учениците за самоконтрола и самооценување.**

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1. Попоски, К. “*Современи сфаќања за проверувањето и оценувањето на постигањата на учениците”*, МИС, Скопје, 1996.
2. *Унапедување на оценувањето во училницата,* Дополнителни материјали, USAID, 2008.
3. http://pepocenuvanje.blogspot.com/
4. http:pep.org.mk

ИСТРАЖУВАЊЕ

Славица Наумовска

ЕМОЦИОНАЛНИТЕ КОМПОНЕНТИ НА СТРЕС КАЈ АДОЛЕСЦЕНТНАТА ПОПУЛАЦИЈА

Вовед:

Со создавањето на новиот научно-технички развој се создадени нови услови и стилови на човеково живеење, проследени со информациска преоптеретеност, социјални конфликти, монотонија, систематското незадоволство од резултатите на сопствената дејност, дефицит во задоволувањето на биофизиолошките и психосоцијалните потреби, кои доведуваат до перманентно изложување на стресни оптеретувања кај поединецот без оглед на општествената група на која припаѓа, возраст, култура и родова структура.

Стресот е состојба на зголемена оптовареност на личноста предизвикана од силна дразба-стресор. Под дејство на стресорот доаѓа до дизбаланс на организмот и нарушување на психичката и на телесната рамнотежа (хомеостазата).

Реакциите на стресот можат да бидат физиолошки, емоционални, когнитивни, бихевиорални или комбинирани. Врската меѓу физиолошките и емоционалните реакции се јавува како резултат на поврзаноста на физиолошката активација, проценатa на стресот од страна на организмот и механизмите активирани за негово совладување. Когнитивната процена и бихевиоралното однесување се јавуваат по успешно совладаниот стрес како можност за адаптација на организмот. Неуспешноста во совладувањето на стресот го пролонгира неговото траење, а со тоа и физиолошката активација. Ова може да доведе до трајно нарушување на психичкото и телесното здравје.

Предупредувачки симптоми на стрес можат да бидат од физички/телесен карактер и емоционален/психолошки карактер, а ефектите може да бидат физички и психолошки.

Последиците од стресната ситуација можат да бидат краткотрајни и долготрајни и затоа треба навремена профилакса и рехабилитација на емоционалниот стрес кој доведува до оптоварување и оштетување на системот (ендокрин-кардиоваскуларен-нервен систем и нарушување на телесните функции). Со навремено детектирање на предупредувачките симптоми на стрес, навремено превенирање би дошло до надминување на стресот. Најефикасно решение за надминување на стресот е користењето на мултипли стратегии.

Стресната оптеретеност еволуира и прогресира во голем степен и кај младата адолесцентна популација која психолошки и културолошки транзитира во својот психички личен развој, градејќи сопствен идентитет и автономија, морално созрева, се справува со врсниците и нивното влијание и барања, конфликтноста со родителите, училишниот успех и сликата за себе, загриженоста за иднината.

Адолесценцијата која се дефинира како преоден премин помеѓу детството и зрелоста се карактеризира со динамичен физички развој и значајни промени во когнитивниот, емоционалниот и социјалниот развој.

1.Методологија на истражувањето:

Проблем на истражувањето: Застапеноста на предупредувачките симптоми на стрес од емоционален/психички карактер и физички/телесен карактер кај адолесцентната популација влучена во образованието.

Истражувачка хипотеза: Учениците од машки пол имаат значајно поизразена тенденција да бидат подложени на индикативниот предупредувачки симптом на стрес од емоционален/психолошки карактер во однос на ученичките, по однос на овој предупредувачки симптом .

2.Метод за спроведното истражување:

Испитаници: Во истражувањето е користен пригоден примерок, кој брои вкупно 90 испитаници, сите се ученици од втора година на образование во СОУ „Таки Даскало“- Битола. Во примерокот се вклучени ученици различни по родова структура (45 женски и 50 машки) со просечна возраст 16,5 години. Учениците се избрани со претпоставка дека ќе ги одразуваат разликите меѓу ученичките и учениците во однос на застапеноста на предупредувачките симптоми од емоционален карактер.

Мерен инструмент: Анкетен прашалник за предупредување и симптоми на стрес. Прашалникот содржи 21 исказ. Одговорите од секој исказ се сместуваат во соодветно квадратче со впишување на знакот **Е и Ф** во зависност од тоа дали испитникот мисли дека даденият исказ на предупредувачкот симптом е емоционален или

физички знак на стрес. Од анкетниот прашалник може да се согледа дали причината може да биде од емоционален или физички карактер, а ефектот може да биде емоционален/психички или физички/телесен.


Предупредувачки симптоми на стрес од емоционален карактер: анксиозност, немир, напнатост, тага, апатија, депресија, бес, раздразливост, хиперсензитивност, чувство на беспомошност, ниска самодоверба, безволевост, пад на либидото, несоница, губење на апетитот, чувство на вина, инроверзија, изолација од комуникација со другите луѓе, губење на интерес за досегашните активности, намалување на училишната/работната ефикасност, промени со помнењето и со концетрацијта, нејаснотии и конфузност во мисловниот процес, променливост во расположението, брзо менување на ставовите за луѓето, за животот за иднината.

Предупредувачки симптоми на стрес од физички карактер: болки во телото, тензија во мускулатурата, промена на телесната тежина, главоболки, психосоматски заболувања (дигестивни промени, респраторни проблеми, кардиоваскуларни промени: хипертензија, срцева аритмија, тахикардија, ендокринолошки промени, ослабување на имунолошкиот систем, кожни болести, алергии и сл.).

Од анкетниот прашалник може да се согледа застапеноста на индикативните предупредувачки симптоми на стрес, нивното влијание врз намалувањето на училишната ефикасност, улогата и важноста на превентивната едукација на учениците од двете родови структури, за присутноста на пдупредувачките симптоми на стресот и да се здобијат со сознанија за понатамошни активности и добри пракси за справување, контрола и елиминирање на истите.

3. Резултати: Од наодите на применетата дискриптивна статистика резултатите се претставени графички и табеларно.

Од вкупно анкетираните ученици и нивната родова структура, анкетирани се 90 испитаници/ученици; по пол 40 женски (ученички) и 50 машки (ученици).



Графикон бр.1 Застапеност на предупредувачките симптоми на стрес кај ученичките


Процентуалната застапеност по родова структура на испитаниците е 44,4% женски и 55,6% машки.

Анализа на застапеноста на предупредупредувачките смптоми на стрес кај анкетираните ученици по пол; кај 17 ученички индикативен симптом на стрес е од емоционален карактер, кај 23 ученички индикативен симптом на стрес е од физички карактер.

Кај 28 ученици индикативен симптом на стрес е од емоционален карактер, кај 22 ученици индикативен симптом на стрес е од физички карактер.

Примена на статистички метод на заклучување на значајност на разлики и тестирање на хипотезата со примена на X^{2}-ТЕСТ од ТАБЕЛА 2X2 ,

4.Дискусија: Добиената вредност на X^{2}-ТЕСТ е значаіна на ниво на значаіност 0.05степени на



Графикон бр.2 Застапеност на предупредувачките симптоми на стрес кај учениците

слобода и истражувачката хипотеза ја прифаќаме како потврдно афирмативна дека учениците од машки пол имаат значајно поизразена тенденција да бидат подложени на индикативниот предупредувачки симптом на стрес од емоционален/психолошки карактер во однос на ученичките, по однос на овој предупредувачки симптом.

5.Резиме: Стресот претставува посебен вид на притисок врз организмот, состојба на напрегнатост под влијание на одредени случувања и околности кои ги надминуваат адаптивните капацитети на индивидуата. Реакциите на стресот можат да бидат физиолошки, емоционални, когнитивни, бихевиорални или комбинирани. Предупредувачки симптомии на стрес можат да бидат од физички/телесен карактер и емоционален/психолошки карактер, а ефектите може да бидат физички и психолошки.

Стресната оптеретеност еволуира и прогресира во голем степен и кај младата адолесцентна популација која психолошки и културолошки транзитира во својот психички личносен развој. Најефикасно решение за надминување на стресот е користењето на мултипли стратегии.

Проблемот на истражувањето, застапеноста на предупредувачките симптоми на стрес од емоционален/психички карактер и физички/телесен карактер кај адолесцентната популација влучена во образованието, е истражуван на пригоден примерок кој брои вкупно 90 испитаници, сите се ученици од втора година на образование во СОУ „Таки Даскало“-Битола. Во примерокот се вклучени ученици различни по родова структура (45 женски и 50 машки) со просечна возраст 16,5 години. Како мерен инструмент во истражувањето користен е анкетен прашалник за предупредување и симптоми на стрес. Од анкетниот прашалник може да се согледа дали причината може да биде од емоционален или физички карактер, а ефектот може да биде емоционален/психички или физички/телесен.

Табела бр.1 Пресметување на статистик X^2-ТЕСТ од ТАБЕЛА 2Х2

	Емоционален симптом на стрес		Физички симптом на стрес		Вкупно
Ученички	**17**	**B**	**23**	**A**	**40**
Ученици	**28**	**D**	**22**	**C**	**50**
Вкупно	**45**		**45**		**90**

($X^2(1;N=90)=1,62$ $p<0,05$)

Од наодите добиени од дискриптивнта статисика и статистиката на заклучување со тестирање на истражувачката хипотеза со X^2-ТЕСТ од ТАБЕЛА 2Х2 , ја прифаќаме како потврдна. Учениците од машки пол имаат значајно поизразена тенденција да бидат подложени на предупредувачки симптом на стрес од емоционален/психолошки карактер во однос на ученичките, по однос на овој предупредувачки симптом.

БЕЛЕЖИМЕ:

На 19 ноември 2013 г. беше одбележан 25-от јубилеј од постоењето и функционирањето на училишната сообраќајна единица (УСЕ). Одговорен наставник: м-р Гордана Кожуваровска.

На 20 ноември 2013 г. Мирјана Гичевска реализираше ***работилница*** „Соработка наспроти натпревар“ со ученици од IV год

На 23 ноември 2013 г Наташа Ралевска-Вучкова организираше работилница на тема: „Превенција од насилно однесување“ со ученици од II год.

Во ноември 2013 г. Димитар Солаковски зеде учество на ***Ликовна колонија*** во Скопје.

На 28 и 29 ноември 2013 г. на меѓуопштински ликовен конкурс под менторство на Љубица Мешкова беа освоени поединечни награди и признанија за освоени прво и трето место.

Во ноември 2013 г. Љубица Мешкова стана добитник на ***награда за најдобра графика*** на ДЛУМ – Скопје.

На 01 декември 2013 г. на меѓуопштински натпревар за ликовни и литературни творби објавен на ЦЈЗ-Битола Славица Наумовска и Милица Д. Радевска беа ментори на првонаградената ликовна и второнаградената литературна творба.

МЕНТОРСТВО

Мирјана Гичевска

МЕНТОРСТВОТО СО НАСТАВНИЦИТЕ КАКО ПРЕДИЗВИК

„Многу луѓе отишле подалеку отколку што се надевале,
само затоа што некој друг ги охрабрил дека можат.“
Авторот не е познат

Сократ му подал рака на Платон... Платон на Аристотел... Аристотел на Александар Велики... Процесот на менторство е присутен низ историјата во различни сфери на човековото дејствување.

Менторирањето претставува суптилна дидактичка коомпонента во која се воспоставува доброволен партнерски и едукативен однос во кој менторот преку своето професионално знаење и искуство дава индивидуална поддршка на својот колега кој е во своите професионални почетоци. Во социјална смисла, менторската работа претставува интерактивна врска со проактивна позиција на менторот и менторираниот. Менторот е истакнат наставник кој игра суштинска улога во спроведувањето на училишната наставна програма и главна цел е да им се помогне на наставниците успешно да ги извршуваат своите работни задачи при реализацијата на часовите и подобрување на личниот развој на учениците.

Менторството во образовните институции претставува формален процес во кој на наставникот почетник му се определува наставник метор чија улога е несебично да му ја даде целокупната поддршка при реализацијата на сите пет фази (Според Еллем Моир) низ кои минува наставникот почетник и тоа:

- фазата на **очекување** (во текот на првите три недели на работа постои идеалистички елан дека можат и ќе успеат успешно да ги реализираат поствените задачи);
- **фаза на опстанок** (во текот на вториот месец наставниците почетници го чувствуваат товарот на работните обврски, понесуваат работа дома, свесни се дека е напорно меѓутоа ќе испливаат);
- фаза на **разочарување** (после два месеци, работа, работа и само работа проследена со интензивен стрес се прашуваат дали се на правото место, дали се компетентни и способни да продолжат понатаму? Најголем предизвик за меторот и за наставникот почетник претставува побезболно надминување на оваа фаза.);
- фаза на **реактивација** или **подмладување** (во оваа фаза неопходна е поддршката од успешен ментор кој со личен пример ќе придонесе кон менување на ставовите кај наставниците почетници и ќе придонесе за успешна примена на теоријата во пракса и градењето на подолгорочни планови со примена на современа наставна технологија);
- фаза на **рефлексија (**споделување на успесите и падовите, планирање што би промениле во идната учебна година, кои наставни стратегии би ги примениле, во кое подрачје од воннаставните активности би биле најуспешни, што би им било нов предизвик во новата учебна година или кои се нивните очекувања за успех понатаму).

Менторството е процес на поддршка и се разликува од обуката, која е процес на оспособување. За разлика од обуката која нововработените ја добиваат од непосредните раководители, а има за цел да ги оспособи ефикасно да ги извршуваат работните задачи, менторството низ поддршка и внимателно водење и советување доведува до целокупен развој на вработениот, како професионално, така и лично.

За да биде менторството ефективно потребно е да се има долгорочен интерес во постигнувањата на двете страни и не смее фокусот да биде насочен кон краткорочните резултати од типот на положен приправнички испит или исплатен хонорар за менторот. За таа цел неопходно е да се утврдат целите во процесот на менторирањето и корисно е истите да се стават на хартија за да може да се мери постигнатиот напредок низ процесот на менторството со што се зголемува мотивацијата и самодовербата на наставникот почетник. Напоменувам дека во овој процес има можност честопати менторираниот да се судри со одредени проблеми и да направи некои грешки. Во ваквите ситуации, ефективниот ментор неопходно е да умее да формулира прашања кои ќе му дозволат на наставникот почетник сам да ги анализира причините за настанатите бариери, да го охрабри сам да управува со сопствениот процес на учење и сам да ги решава настанатите проблеми и да ја почувствува одговорноста. Менторот пожелно е да реагира само во ситуации во кои не може да се дојде до задоволоително решение т.е. само во краен случај тој може да предложи свое решение и тоа во улога на поддршка а не во надметнување на сопствениот авторитет со понижувачи тон

кон наставникот почетник. Улогата на менторот не е да му суди на вработениот за евентуалните грешки, туку да му овозможи да гледа на грешките како на можности за учење, богатење на искуството и личен развој.

Искуството и знаењето се важни фактори во процесот на менторство и (според Тол, 2005) менторите доколку сакаат да постигнат успех мора добро да бодат информирани од следните области:

- Карактеристики на подучување на возрасни;
- Процеси за успешно менторство;
- Основни елементи за ефикасна настава;
- Активна настава, учење и процеси;
- Мерење на резултати од читање на текст.

Животното и професионалното искуство ги збогатуваат менторите со знаења на кои наставниците почетници треба да се надоврзат и усовршат. Тоа не значи дека менторите мора да бидат возрасни луѓе затоа што и млади колеги може да имаат завидно искуство кое треба да се пренесе.

Ефективниот ментор секогаш треба да внимава на комуникацијата со ново вработениот, менторот да не си дозволи на наставникот почетник да му наредува или да претпоставува дека тој ништо не знае. Важно е да се запамети дека и вработените имаат претходни искуства и треба да се биде отворен и подготвен за учење, како од вработените, така и од другите ментори.

Низ процесот на менторство клучно е да се охрабрува вработениот да добие појасна перцепција за работните задачи да воспостави здрави односи во средината и да му бидете на располагање кога е потребно. И конечно, не заборавајте да го прославите постигнатиот успех. Менторството треба да биде пријатно и корисно искуство со живописни моменти како за вработениот, така и за менторот, а најголемата награда за менторот е кога наставникот ќе биде многу поуспешен како негов колега и ментор на нов вработен.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА:

1. Б. Химонд, р. Мулхоланд, Прирачник за менторство на наставници, Американски интитут за истраување, Скопје, 2006

2. Проектен тим, прирачник за менторска поддршка, Програма за образование на Роми, Скопје 2004

3. Scherer, Marge - editor, *A better beginning - Supporting and mentoring new teachers*, ASCD, USA, 1999, page 19-23, http://books.google.com, преземено од Интернет на 20. 04. 2009 г.

БЕЛЕЖИМЕ:

На 04 декември 2013 г. се реализираше ***трибина*** на тема: „Превенција од карцином на дојка“ со ученици од IV год. во соработка со Црвен крст- Битола и Мирјана Гичевска

На 04 декември 2013 г. се реализираше дебата „Волонтерите подржуваат – поддржете ги волонтерите“. Организатори: Мирјана Гичевска и Катерина Маурдева.

На 06 декември 2013 г. 30 наставници учествуваа во ***работилницата*** „Активни за демократија – гласаме“ од проектот Активни за Демократија, финансиран од ЕУ, имплементиран и спроведен од граѓанската асоцијација МОСТ.

На 11 декември 2013 г. Марија Гичевска и Владо Ѓорѓиевски реализираа работилница за превенција од катастрофи со ученици од сите години на образование.

На 11 декември 2013 г. се реализираше ***работилница*** за превенција од трговија со луѓе, со ученици од III и IV год., а во соработка со Црвен крст-Битола и Мирјана Гичевска.

На 19 и 23 декември 2013 г. Славица Наумовска реализираше предавања на тема „Превенција од злоупотреба на ПАС и рана детекција кај адолесцентната популација“ со ученици од I год.

Во декември 2013 г. Димитар Солаковски учествуваше на ***ликовна изложба*** на ДЛУМ – Скопје.

На 24 декември 2013 г Наташа Р. Вучкова реализираше работилница на тема „Емоции“ со ученици од II год.

Во јануари 2014 г**.** Димитар Солаковски имаше с***амостојна ликовна изложба*** во Музеј на град Скопје.

На 30 јануари 2014 г. беше реализирана работилница на тема „Алкохолизам“ со ученици од II, III и IV год. во соработка со ЦЈЗ-Битола и Мирјана Гичевска.

На 11 февруари 2014 г на ***трибината за претприемништво*** во организација на Фондацијата Бизнис Стартап Центар - Битола и Општина Битола присуствува 20 ученици од IV год. гимназиско образование заедно со одговорниот наставник Виолета Недановска. Целта на трибината беше да се поттикне преприемништвото и претприемничкото размислување како еден од двигателите на економскиот развој на регионот.

МЕНТОРСТВО

Драгица Здравковска

РАБОТНО ВОВЕДУВАЊЕ НА НАСТАВНИЦИТЕ (Менторирање на приправници)

Првиот контакт на вработениот со организацијата е многу важен и често се поврзува со раководителот и вработените како непосредни соработници. Ако училиштето сака да биде организација која учи, се развива, т.е. го поддржува менторството како процес, вработените се тие кои му даваат белег на сето тоа и го практикуваат менторството во сите сфери од своето работење, како начин на организациско учење[1].

Менторството, како начин на професионален развој и поддршка на наставникот-почетник во образовниот систем на Р.М, званично влезе како елемент на реформата во образованието. Овој вид на поддршка меѓу колегите постоел и отсекогаш бил основа за осмислување за организиран и континуиран процес во текот на кој еден колега ќе го поддржи учењето на друг колега без оглед на годините на стажот. Во светот, во различни образовни системи, работното воведување на наставникот-почетник во пракса се покажало најуспешно токму низ процесот на менторство. Постојаната можност на размена на мислења со искусен наставник ментор во текот на првата година на стажот во училиштето, неговата грижа и пратење на работата на почетникот, се покажале како незаменливи кога е во прашање наставничката професија.

„Приправништвото е период на транзиција од наставник–студент до наставник–професионалец во текот на првата година од професионалната кариера кога на новиот наставник му е овозможена професионална помош и поддршка како би се со тоа успешно прилагодиле во својата нова улога “
*(*Blair Larsen, 1992).

Сепак, формата не ја гарантира содржината, а тоа е сосема очигледно во случајот на воведување на менторството и приправничкиот стаж како регулатива во училиштата. Образовната организација најчесто само формално му одредува ментор на секој нововработен наставник и понатаму воопшто не се грижи како се одвива процесот на менторирање. Освен тоа, во нашето секојдневие се сретнуваат голем број на други фактори кои го попречуваат нормалниот тек на менторскиот процес. Овие фактори или го прават менторството формална категорија или го претвораат во спонтана и стихијна појава помеѓу луѓе кои самоиницијативно решиле да се надополнуваат на професионално поле. За жал, вистинското место на менторството во нашите ушилишта се уште стои непополнето или него го зазема некоја друга појава, а тоа најчесто е неформалното помагање од страна на поискусен пријател.

Наставниците почетници, се оставени сами на себе, соочени со истите одговорности како и нивните искусни колеги.

Создавањето на менторска култура во организацијата ќе овозможи:

- Максимизирање на ресурсите
- Одржување на интегритет
- Примена на знаењето

- **Ефектуирање на клучните процеси во организацијата:** повратна информација (feedback) и поставување на цели (goal setting) како важни менторски компетенции придонесуваат за подобрување на работната изведба преку усовршување на организациската архитектура, односно ефектуирање на процесите преку кои се извршува работата во организацијата.
- Креирање отвореност кон учење.

Важни услови за остварување менторство во стручното образование

1. Да се дефинираат и опишат минималните услови кои мора да ги остварат стручните наставници (по поедини струки) и степенот на образование за успешно водење на воспитно–образовниот процес, односно наставниот курикулум. Тоа се однесува на опсегот и квалитетот на потребното знаење и способност од потесната струка, општото образование, педагошко-психолошко и дидактичко-методичко образование, како и практична методичка оспособеност на наставникот за успешно поучување и организациско учење. ЦСНО треба да ги урамнотежи темелните услови кои ги поставува пазарот на трудот.
2. Да се подобрат условите за работа (просторно-материјални, финансиски, организациони).
3. Да се подигне степенот на сензибилитет

1 by Carl Weingartner, **Principles for Mentoring Principals: Suggestions for Effective Mentorship** http://www.k12.wa.us/LegisGov/2007Documents/ExpandPrincipalMentorshipInterns

за стекнување на позитивни резултати кои во својата работа ги постигнува менторот во смисла на материјална потпора за усовршување, платено отсуство, замена, признанија, награди.

4. Да се интензивира перманентното стручно усовршување и оспособување на менторот за воведување на иновации во образовната технологија.
5. Да се изработат пишани и други материјали за потребите за стручно усовршување (учебници, прирачници, методички упатства, задачи, литература, софтвер, ЦД.....).
6. Да се води грижа за рамонерност во напредувањето на звањето спрема струката и територијалната застапеност.
7. Да се воведе доедукација во однос на знаењето стекнато во додипломските студии и подоцна.
8. Да се разработи критериум и мерила за процедурата на напредување на стручните наставници во повисоки звања.
9. Да се разработат и правно да се стават во рамка условите за работа на ментор на стручен наставник.

Значи преку менторството би се овозможило пренесување на знаења, првично на нововработените како менторство на приправници, како и проектно менторство, како процес во кој ќе учи секој од секого, т.е. ќе се врши тој трансфер на знаење меѓу вработените, а неопходното знаење ќе останува во организацијата.

Во насока на ова последните години се оформи заедничко гледиште дека **обуките, курсевите, различните работилници, проекти,** можат многу да придонесат за професионалниот развој и напредок на организациите и сето тоа ефикасно и ефективно да биде пренесувано и преку менторскиот процес.

Постојат организации кои инцидентно ги испраќаат своите вработени на обуки, без план и координација со многу пасивен однос кон обуките, но исто така има и организации кои имаат активен, обмислен однос кон професионалниот развој на вработените, како и развиени планови, стратегии, со визија за пренесување на наученото.

На овој начин менторството го поттикнува професионалниот развој на вработените, а тоа значи развивање на свеста за неопходност од учење во текот на целиот живот.

БЕЛЕЖИМЕ:

На 03 февруари 2014 г. Славица Наумовска реализираше предавање и работилница на тема „Стресот како извор на емоционални нарушувања и превенција кај адолесцентните ученици“ со ученици од II год. Истата беше реализирана и на 10 февруари со учениците од II 12 и во соработка со Весна Христовска.

На 06 февруари 2014 г. Гордана Јордева и Славица Наумовска зедоа учество на ***Конференцијата за „Инклузивно стручно образование“*** која се оддржа во Скопје под покровителство на МОН и ЦСОО, Британскиот совет и ОБСЕ.

На 17 февруари 2014 г. Славица Наумовска реализираше предавање и работилница на тема „Психоестетска експресија при создавање на творечки продукти – есеј како самопомош за редукција на негативните емоции“ со ученици од II год.

На 24 февруари 2014 г. на ***настанот „Мадагаскар“*** организиран од ЗПФРМ во соработка со Националната Комисија за франкофонија и МОН, а одржан во Центарот за култура во Битола, Зора Русомарова и Ивана Влашевска со ученици од нашето училиште се претставија со свои изработки на тема: „Кујната, религијата и обичаите на Мадагаскар“.

На 27 и 28 февруари 2014 г. Г. Јордева, С. Наумовска, В. Јовановска, В. Ацевска и А. Трајковски присуствуваа на семинар „Примена на асистивна технологија и подигање на свеста за инклузија на млади со попреченост во центрите за кариера и работни клубови“ во соработка со НВО „Отворете ги прозорците“ и YES мрежа.

На 27 февруари 2014 г. беа одржани ***обуки од проектот „Ученичко претприемаштво“*** во организаија на Фондацијата БСЦ – Битола и Мрежа ЈЕС. Учествуваа Валентина Маневска и Александар Трајковски со ученици од IV 1 и IV 3.

УЧИЛИШНА КЛИМА

Павлина Талевска

УЧИЛИШНА КЛИМА – ПОИМ

Училишната клима практично претставува востановен амбиент во некоја организација, односно институција, кој што е одраз на тоа како во него се чувствуваат оние внатре , но и од надвор.

Тоа значи дека училишната клима е еден феномен кој е просторно ограничен кој не ги опфаќа само материјално-техничките предуслови за реализација на процесот, туку ги опфаќа и севкупните односи на учесниците во него, нивните субјективни реакции и доживувања.

Училишна клима, е мултидимензионален поим, кој вклучува физички, општествени и академски димензии.

Физичката димензија вклучува:

- Изгледот на училишната зграда и на училниците
- Големината на училиштето и односот на наставниците кон учениците во училницата
- Ред и организација на училницата во училиштето
- Достапност на ресурси
- Безбедност и удобност.

Социјалната димензија вклучува:

- Квалитетни интерперсонални односи помеѓу и кај учениците, наставниците и на персоналот
- Правичен и фер третман кон учениците од страна на наставниците и на персоналот
- Степен на конкуренција и социјална споредба меѓу учениците
- Степен на кој учениците, наставниците и персоналот придонесува за донесување одлуки во училиштето.

Академската димензија вклучува:

- Квалитет на наставата
- Очекувањата на наставниците за постигнувањето на учениците
- Следење на напредокот на учениците и навремено известување за резултатите на учениците и на родителите.

Како учениците, наставниците и останатите вработени во училиштето се чувствуваат, зависи од ставовите, однесувањата како и групните норми.

Училишната клима е еден сублимат на меѓусебни односи на сите непосредни и посредни учесници во процесот на реализација на основната дејност во јавната организација, услугата како организиран процес, нивните субјективни реакции, перцепции, чувствата и емоциите и сл.

Училишната клима во споредба со училишната култура претставува една потесна категорија која повеќе е насочена кон субјективните реакции на членовите на организацијата.

Витален дел за добра училишна клима е инволвираноста на родителите, со вклучување во планирањето и организацијата на училишните функции. Колку повеќе е вклучено семејството толку повеќе се вклучени и учениците. Исто така, се смета дека училиштата кои не ја истакнуваат инволвираноста на родителската заедница, обично имаат симптоми на сиромашна училишна клима.

Следниот дел кој е многу значаен за воспоставување на позитивна училишна клима се самите наставници. Спрема својата позиција ги креираат и создаваат условите за една мирна средина во училницата, па наставникот се нарекува и "мајка во училницата". Добрата училишна клима во голема мера може да им помогне на наставниците за добра социјализација на учениците. Ако наставниците можат да работат заедно за да се создаде "чувство на заедница" , тие се подобро опремени да го регулираат однесувањето на ученикот и ефикасното решавање на проблемите.

ЗАКЛУЧОК

Семејството е првата организирана група во која детето станува член со самото раѓање. Токму во семејството започнува и примарната социјализација на детето, каде тоа ги учи основните правила и принципи и се подготвува за понатамошното вклучување во општествениот живот. Сите квалитети, норми и навики кои човекот ги стекнува во семејството ги носи во себе и се стреми да ги прилагоди кон средината.

Во секое училиште има голем број на вработени, кои во себе ги носат сите тие стекнати карактеристики и за да се воспостави позитивна училишна култура и клима неопходно е да се пронајдат заеднички елементи, се со цел таа успешно да функционира. Тоа ќе се постигне само доколку се вклопат сите елементи и го

формираат мозаикот на позитивната училишна култура и клима. Во тие рамки спаѓаат сите позитивни фактори, како добрата комуникација помеѓу вработените, почитување на одредена хиерархија, прилагодување на постоечката клима и надополнување според новите стандарди, методи и техники во образованието.

Влијанието во училиштето во кое училишната култура и клима оди кон негативизам, доведува до директни последици врз учениците, која пак негативност е повторно одраз на влијанието на семејството врз сите оние кои го сочинуваат училиштето како организациски систем.

За да постои здрава средина, во која вработените ќе работат и учениците ќе учат, треба да се воспостават здрави односи и правец кон градење на правилна училишна култура и клима. Само на тој начин ќе може успешно да се реализираат зацртаните цели и задачи во една организација.

БЕЛЕЖИМЕ:

На 27 февруари 2014 г. сите ученици кои ја поминаа обуката „Ученичко претприемаштво“ учествуваа во натпревар за најдобар Бизнис план на кој беше освоено второ место под менторство на Валентина Маневска.

Во февруари 2013 г., во соработка со локалната заедница, м-р Весна Милевска како овластен преведувач го ***преведе од македонски на аглиски јазик*** приручникот за „Транспарентно лобирање на граѓанските организации“ од д-р Марјан Танушевски во издание на МНД – Битола.

На 27 февруари 2014 г., Марија М. Димитровска реализираше предавање со родители и ученици од I год. на тема: „Периодот на адолесценција и справување со адолесцентните кризи“.

Во текот на февруари 2014 г. волонтерскиот клуб, Мирјана Гичевска и Катерина Маурдева реализираа ***работилници*** „Изработка на мартинки“ кои претходеа на јавниот настан „Мартинката исполнува желби“ на 01 март 2014 г.

На 10 март 2014 г. работна посета на евалваторот на Европската комисија од Брисел од Регионалниот проект за поддршка на инклузивно образование во Југоисточна Европа со директорот В. Трифуновски, координаторот С. Наумовска, претставник од Совет на родители П. Тасевски и членови на тимот Г. Јордева и С. П. Симоновска.

На 17 март 2014 г. Гордана Јордева и Благица Богоевска зедоа учество во ***обука*** за учество на KODU KUP натпревар Developer игри на ученици, за креирање KODU игри со напредна технологија, во организација на Микрософт и Универзитетот на Југоисточна Европа во Скопје.

Во март 2014 г. Љубица Мешкова и Димитар Солаковски учествуваа на ликовна изложба во Берлин, Р. Германија.

На 18 март 2014 г. ***работна посета*** од претставници на НВО „Отворете ги прозорците“ и YES мрежа за „Примена на асистивна технологија и подигање на свеста за инклузија на млади со попреченост во центрите за кариера и работни клубови“ за јакнење на соработката и понатамошна поддршка на наставниците, со Александар Трајковски и Славица Наумовска.

ЕКОЛОГИЈА

Марија Јовановска

ЕКОЛОШКАТА СВЕСТ КАЈ МЛАДИТЕ

Нема работи кои се толку вредни
за истражување како што е природата
Никола Тесла

ВОВЕД

Терминот екологија произлегува од грчките зборови oikos што значи куќа и logos што значи наука. Таа е наука која ги проучува меѓусебните односи на живите суштества и животната средина, или поточно - тоа е наука која ги проучува односите на живите суштества кон животната средина во кои тие живеат, односот на средината кон живите суштества и меѓусебниот односот на живите суштества во одредена средина или едноставно кажано екологија е комплексно изучување на меѓусебните односи кои Дарвин ги нарекол услови и безмилосна борба за опстанок.

Во услови на современ живот, во развиена цивилизација со развиена наука, производство, техника и технологија, кога човекот неконтролирано и неразумно ја користи природата за создавање високи материјални услови за живот, екологијата станува доста актуелна наука и го прширува својот предмет на проучување. Деградирањето на природата, нејзиното загадување и безусловно искористување станува алармантно во однос на опстанокот на човекот и опстанокот на природата воопшто. Во оваа смисла, иако доста екстремно и доста предупредувачки звучи мислата на еден англиски современ научник кој вели дека „човекот е грешка на еволуцијата“. Поточно, човековиот мозок се развил до толкава мера што станал опасност за опстанокот на природата и за животот на човекот.

ЕКОЛОШКА СВЕСТ И КУЛТУРА КАЈ МЛАДИОТ ЧОВЕК

Во услови на современо живеење и развиена цивилизација екологијата е нешто што секогаш завршува на второ место, поточно зад економијата и нашата потреба за пари и моќ. Со ова се потврдува дека планетата Земја не се врти околу сонцето туку таа се врти околу парите. Екологијата секогаш е некаде во позадина и може да преживее само ако ја напушти економијата, но тоа за жал се случува многу ретко. Екологијата е збор кој никогаш не бил сериозно разбран, бидејќи многу луѓе сè уште мислат дека еколозите само ги плашат луѓето кога зборуваат за растечките проблеми на животната средина. Но, реалноста е поинаква.

За надминување и решавање на ваквите проблеми од еколошка природа треба да постои еколошка свест, еколошка култура и морал кај самиот човек. Бројни современи автори ја нагласуваат потребата од формирање на еколошка култура и свест, не само како процес на формирање систем на знаења за еколошките објекти, процеси, заемното дејство на природата и општеството и рационалното користење на природните ресурси, туку и како свест која го интегрира во себе не само моралното и естетското однесување на индивидуата кон светот туку, во извесна смисла, и човековиот однос кон реалноста.

Во формирање на еколошката свест и култура на современиот човек важна улога има системот на еколошко образование и воспитание. Еколошкото образование треба да даде сигурни знаења за основните еколошки прашања во современото општество, за завземе критички став спрема деградацијата на животната средина и да насочи кон рационално искористување на природните ресурси.

Еколошката свест не е составена само од знаења туку и од емоционално-волна компонента која е многу значајна затоа што знаењето без уверување и практично делување не значи многу. Еколошкото образование и формирањето еколошки начин на размислување започнува уште од најраната возраст, па од тука произлегува значајната улога на воспитно-образовните институции на сите нивоа на образование. Затоа задача на воспитанието и образованието е стекнувања на знаења така што генерациите

кои доаѓаат и се во полна активност во решавање на проблемите на човековата средина имаат систематизирани знаења за современите проблеми на човековата средина, за карактерот и опасноста на загрозената средина, за начинот на решавање на негативните последици од нарушената еколошка рамнотежа.

За да можеме од човекот да очекуваме и побараме еколошко однесување потребно е претходно да го образоваме со воведување на еколошки содржини во сите нивоа на воспитно-образовниот систем. Поради ова не смееме да препуштиме на случајност, туку во прашање е организирана настава со тематика од екологијата, мора да се пријде многу сериозно и ефикасно, се разбира преку иновирање на постоечките наставни планови и програми и со воведување на регуларни еколошки содржини како посебни предмети и во рамките на другите предмети.

ФАКТОРИ И ИЗВОРИ НА ЕКО-ЗНАЕЊЕ

Од аспект на заштита на животната средина потребно е да се одговори на прашањата: Кои фактори, колку, и кога допринесуваат за изградување на еколошки одговорни личности. Многу е важно како единката го гледа допринесот на одделните фактори во остварувањето на целта и задачите кои се поставуваат како барања и потреби за зачувување на здрава и квалитетна животна средина.

Фактори на еколошкото воспитување можат да бидат: надворешни и внатрешни.

Внатрешните фактори можат да се поделат во две групи:

- Фактори кои што можат да се сврстат под поимот мотивација (колку ја прифаќаат еколошката ориентација како вредност и колку се задоволни со состојбата на животната средина);
- Фактори кои можата да се сврстат под поимот компетенција (што знаат, за што се информирани и какво е нивното искуство);

Посебно се интересни факторите кои се поврзани со постигнувањето во еко-воспитанието и образованието во формирање на еколошка свест и култура на поединецот а тоа се: семејството, детските градинки, училиштата, факултетите, претпријатијата, институции и други.

Семејството е многу битен фактор во воспитаието на младите, која делува позитивно и врз развојот на еколошките вредности на членовите. Во него се изградуваат формалистичките односи во остварување на грижата за непосредната околина. Основние методи на дејствување во семејството се личен пример, каде децата учат спонтано. Таквите влијанија на најмладите се од траен карактер.

Исто така значаен фактор, покрај семејството, е и групата на врсници на децата. Тие имаат исти ставови во проценка на средината и општеството. Потребно е само да се согледаат вредностите во светот на младите, нивните потреби и начинот на кои тие гледаат на проблемот на загрозување на животната средина, како тие би се анфажирале и активирале во заштитата и унапредувањето на заштитата на животната средина.

Еколошкото образование има потреба од различни извори на знаења. Кој извор на знаење ќе биде фаворизиран зависи само од наставникот кој го организира воспитно-образовниот процес.Можат да се издвојат следните извори на знаења:

- Непосредната стварност или околина - тоа подразбира конкретната животна средина во која ученикот егзистира. Тоа е семејството, училиштето и сл. Тие играат важна улога во формирањето на еколошката свест и култура, и знаењата усвоени со нивното посредство се сметаат за најаквалитетни.
- Текстуални материјали – школски учебници, списанија, енциклопедии и сл. Школските учебници се основниот извор, но еколошките содржини се недоволно и нефункционално застапени во нив.
- Наставните средства и помагала – модели, препарати, макети, слики, цртежи, табели и сл., тие ја заменуваат непосредната вистина.
- Наставникот – тој се појавува како

важен фактор во реализација на целите и задачите на еколошкото образование и воспитание. Прави избор на наставните содржини, ги согледува еколошките аспекти на лекциите – градивото, го организира и води процесот на усвојување на знаењата, учествува во формирање на ставовите и навиките на ученикот, ги организира и ги изведва воннаставните активности и непосредно со своите постапки и однесување делува на личноста на ученикот.

- Телевизија, радио и други средства се ангажират на полето на информирање, активирање на граѓаните во заштита на животната средина. На тој начин се остварува неформално еколошко образование и воспитание, односно изградуување на еколошката свест и култура посебно кај младиот човек.

УЧИЛИШТЕТО КАКО ФАКТОР ВО ЕКО-ОБРАЗОВАНИЕТО

Училиштето е единствениот и основниот фактор во воспитанието и еко – образованието. Со добро утврдени наставни планови и програми, наставни содржини, училиштето ја дава најголемата можност во изградувањето на свеста и културата на ученикот. Тоа дава значајна можност за стекнување одредени знаења, но и за изградување на одредени навики , за развој на еколошката свест и култура.

Во однос на тоа како да се реализира еколошкото воспитание се наведуваат три основни патишта, и тоа:

- Формирање културен однос во непосредниот контакт со природата.
- Систематско формирање систем на знаења за природата.
- Формирање естетски однос кон природата, грижа и спречување на секаква деградација.

Иако воспитанието и образованието на младите за заштита на животната средина има свои почетоци во семејното воспитание, училиштето во тој поглед станува незаменливо. Колкава важност ќе им се даде на еколошките содржини и дали ќе се прави корелација помеѓу наставните предмети во самиот наставен процес и со искуствата и знаењата на учениците, во голема мера зависи од афинитетеите и обуката (искуството) на самиот наставник.. Затоа треба големо внимание да му се посвети на стручно оспособување на наставниците преку обуки и семинари. Многу важно и значајно е колку училиштето како институција се вклучува во активностите кои се организираат на ниво на локалната средина и дали постои таква соработка.

Денешната современа еколошка ситуација покажува дека фондот на знаења не е на задоволителното потребно ниво. Тие знаења сами по себе не значат ништо, но затоа имаат огромен воспитен потенцијал.

ЗАКЛУЧОК

Можеме да констатираме дека и покрај тоа што екологијата не е застапена како посебен наставен предмет во системот на задолжителното образование, постои континуитет во изучување на еколошките содржини од предучилишна возраст до крајот на образованието и воспитанието на личноста, а колку од еколошките содржини ќе бидат застапени во изборните и слободните активности на учениците зависи од афинитето и заинтерисираноста на самиот наставник, како и од училиштето во целина.

Стратегијата на воспитание и образование за заштита на околината треба да обезбеди:сфаќање дека образованието за заштита на животната средина трае цел живот, да се направи чувство на одговорност за состојбата на околината вклучувајќи ги сите индивидуи во општеството, да се развие партнерство на сите релевантни учесници во заштитата на животната средина, да се користата сите расположливи ресурси и да се истражуваат најоптималните методи во воспитанието и образованието за заштита на животната средина како и да се применуваат. Само така може да се развие човековата еколошка свест и култура.

ЕКОЛОГИЈА

Томе Недановски
м-р Виолета Недановска

РЕЦИКЛИРАЊЕ (РЕЦИКЛИРАЊЕ НА ХАРТИЈА И ПЛАСТИКА)

Секојдневно земаме ресурси од природата, ги користиме за изработка на разни производи, ги употребуваме тие производи и по одредено време ги фрламе како отпад, кој потоа се гори во депониите. Долго време преовладувало мислењето дека тоа е во ред, сè до моментот кога луѓето сфатиле дека природата ја нема во бесконечни количини и дека тоа ќе доведе до пустош и генерациите кои доаѓаат после нас можеби ќе немаат основни услови за живот. Затоа слободно можеме да кажеме дека нашите одлуки и начин на живеење се пресудни за животот на идните генерации.

Наједноставен начин со кој можеме да обезбедиме намалување на отпадот и враќање на суровините во производствениот циклус е принципот познат како „Тројното Р“ (редуцирај, реупотреби, рециклирај).

Рециклирање значи нешто старо да се претвори во ново.

Рециклирање е процес со кој производите се враќаат на првобитните, сирови материјали, кои потоа се користат како секундарни суровини во нови производствени циклуси.

Рециклирањето штеди енергија, ги чува воздухот и водата чисти, ги заштедува нашите природни ресурси, зачувува простор во природата, штеди пари и создава нови работни места.

Рециклирање е селектирање на материјали од отпадот и негова повторна употреба. Вклучува собирање, сепарација, преработка и производство на нови производи од веќе искористени предмети и материјали. Затоа е многу важно да се направи негова правилна селекција бидејќи многу материјали ќе можат да се користат повторно ако се собираат одделно. Без воведување на рециклирање во секојдневниот живот, тешко може да се замисли процесот на управување со отпад.

Се препорачува да се воведе едукација на децата уште во основно образование, како што е случајот со европските земји, за да можат уште од мали да се здобијат со корисни навики. Доколку секој граѓанин правилно го селектира и продава отпадот има можност да придонесе да живееме во чиста животна средина, а воедно и да го зголеми семејниот буџет.

Што сè може да се рециклира?

Може да се рециклира: хартија, пластика, стакло, метал (алуминиум, бакар, железо), електронски и електричен отпад. Овде ќе се задржиме на рециклирањето на хартија и пластика.

Хартија

Хартијата се прави од мрежа на многу тенки влакна. Овие влакна се добиваат од различни растенија, во зависност од тоа каков вид на хартија треба да произведеме и кои растенија ни се достапни. Дрвјата се главен извор на растителни влакна, но може да се добијат и од слама, бамбус или шеќерна трска. Од хартија се произведуваат многу производи: канцелариска хартија, весници, хартиени кеси, разни списанија, книги, производи за пакување, картонски кутии и многу други. Сето тоа може да се рециклира. Притоа се заштедува до 60% од енергијата за производство на нова хартија, 15% помалку вода, потоа се намалува загадувањето на реките и сечата на шумите. Со рециклирање на еден тон канцелариска хартија спасуваме 17 стебла дрво, штедиме 4.200 киловати енергија и 3.200 литри вода. Производи од хартија што не може да се рециклираат т.н. мрсна хартија се: пластифицирани хартиени кеси, марамчиња и термичка хартија за факс – машините. При рециклирање на хартија треба да знаеме:

- Хартијата треба да се оддели од картонот и да се чува одделно;
- Картонските кутии треба да се смачкаат;

- Треба да се направат купови од хартија и картон и истите да ги врземе со јаже;
- Во куповите хартија да не се става валкана хартија и хартија во која има остатоци од храна, метал, стакло или пластика.

Отпадната хартија може да се рециклира пет до десет пати пред да се распадне. Еден лист хартија не може да се рециклира бесконечно затоа што влакната во него се кршат и не можат да ја одржат стабилна мрежата која ја сочинува хартијата. Затоа, во секој лист хартија мора да се додадат свежи, нови влакна за да се задржи квалитетот на хартијата.

Фабриките за хартија се разликуваат по тоа каков вид на хартија произведуваат. Некои користат стари весници и со рециклирање добиваат нова хартија. Други користат искористена канцелариска хартија за да направат нова или изработуваат книжни марамчиња. Некои фабрики пак работат само со стар картон и прават нови картонски кутии. Канцеларискиот отпад, весниците и списанијата може да се рециклираат во картонски кутии, но стариот картон не може да се рециклира во нова канцелариска хартија или весници.

Пластика

Пластиката е полимер. Полимери се долги синџири на молекули составени од помали делови што се повторуваат. Овие делови обично се комбинација на јаглерод и водород. Други елементи како што се кислород, хлор, флуор, азот, силициум, фосфор и сулфур, исто така, може да се додадат во молекуларните синџири на полимери за да се добие пластика со различни својства.

Пластиката е цврста, флексибилна, лесна и отпорна на корозија. Овие својства овозможуваат пластиката да биде отпорна на различни влијанија, односно дека таа не е биоразградлива и под влијание на водата и сонцето тешко се распаѓа. Овие својства ја прават пластиката многу погодна за амбалажа. Но, овие својства значат дека пластиката на депониите ќе остане многу долго. На пластична амбалажа за безалкохолни пијалоци ѝ требаат петстотини години за да се распадне на некоја депонија.

Пластиката може да се моделира во различни форми и да се извлекува во долги нишки кои се користат во текстилната индустрија. Пластиката е цврста скоро нескршлива, лесна, хигиенска, може да се рециклира и повторно да се користи. Постојат многу видови на пластика. Сите тие имаат број за идентификација според кои пластични материјали може да бидат сортирани во различни рупи. При рециклирање на пластика треба да знаеме:

- Производите од пластика пред да се остават за рециклирање се мијат;
- Се отстрануваат сите капачиња за да може пластиката полесно да се згмечи;
- Пластични производи имаат идентификациски број. Повеќето од нив можат да се рециклираат, но поради цената во процесот на рециклирање, најчесто се рециклира пластика со броевите: 1, 2, 3 и 5.

  Ознака 1 (PET – Polyethylene terephthalate) – на пр. шишиња за безалкохолни пијалоци;

  Ознака 2 (HDPE – High density polyethylene) – на пр. шишиња за млеко и сокови;

  Ознака 3 (PVC – Polyvinyl Chloride) – на пр. шишиња за сок;

  Ознака 5 (PP – Polypropylene) – на пр. садови за сладолед или маргарин.

Со рециклирање на еден тон пластика можеме да добиеме 1.000 литри гориво.

Треба да напоменеме дека постојат производи изработени од пластика кои не може да се рециклираат, а тоа е пластичната амбалажа која е мрсна или извалкана со храна.

ПРАКТИЧНА НАСТАВА

Катерина Спасовска-Маурдева

ПРАКТИЧНАТА НАСТАВА НА ГРАФИЧКАТА СТРУКА ВО ЛОКАЛНАТА СРЕДИНА

Немајќи можност и средства практичната настава да се изведува во целост во графичкиот кабинет, истата се реализира и во повеќе печатници во градот. Имено, за целосно реализирање на наставните содржини и во интерес на учениците, голем број од часовите се одвиваат токму во самите печатници, кои несебично излегуваат во пресрет на нашите потреби. Досега имаме соработувано со повеќе од нив, а конкретно во тековната учебна година најголема е соработката со печатницата „Графопром“. Оваа печатница, годинава редовно ја посетуваат повеќе наставници од графичката струка со своите ученици од втора, трета и четврта година.

Учениците тука имаат можност да видат и да работат на повеќе операции од различни фази во текот на графичкиот процес. Типични работи кои се работат во оваа печатница се: подготовка и печатење во техниката на сито печат; подготовка и печатење во техниката на офсет печат, комплетна книговрзувачка доработка и дел од картонажа и амбалажа

Во денешно време, кога сé поактуелна е дигитализацијата на процесот на печатење, интересно е што во оваа компанија учениците имаат можност да видат и постари и посовремени постапки во печатарскиот процес и успешно да направат корелација помеѓу нив. Во таков сплет на старо и ново, може лесно да се анализираат предностите и недостатоците на конвенционалните и современите постапки.

Карактеристично е и тоа што нашите ученици не се само пасивни набљудувачи, туку активно учествуваат во доста работни операции, со што се збогатува нивното работно искуство. Сега за нив комлетирањето на книжни блокови, шиењето на списанија, печатењето маички, печатење со трансфер фолии на порцелан и друго, не се само податоци прочитани од книга или слушнати на некој од часовите по графичките стручни предмети, туку искуства стекнати во реални работни услови.

Соработката продолжува и во летниот период, кога дел од учениците, поделени во неколку работни групи, тука ја обавуваат својата феријална пракса и тоа со полно работно време.

Со ваквиот начин на изведување на практична настава, се врши успешна корелација помеѓу теоретскиот и практичниот дел од воспитно-образовниот процес, а учениците се стекнуваат со компетенции прилагодени на брзиот техничко-технолошки развој на графичката индустрија.

Ваквата соработка со работни компании е од големо значење и во прилог на модернизацијата на стручното образование, поточно со поврзувањето на воспитно-образовниот процес и стопанството. Ваквиот начин на изведувањето на практичната настава е одлична можност учениците да бидат повисоко котирани на пазарот на трудот, а како доказ за тоа се и неколкуте вработувања на наши ученици веднаш по завршувањето на средното образование, токму во компаниите со кои соработува графичката струка.

КРЕАТИВЕН ПРИСТАП

м-р Зора Русомарова

Со овој краток есеј Бодлер го критикува неопаганството. Во исто време ни го образложува своето гледиште за уметноста и местото што му припаѓа на Убавото. Претераната страст кон убавината, исклучителниот вкус за облик, според него, води „до чудовишни и нејасни безредија.“ Непостоење на правичното и на вистинското според него значи отсуство на Уметност. На оваа *паганска школа* го спротивставува „христијанското и философското општество“.

Преку оспорувања на „гнилата литература на материјалистичкиот сентиментализам“ на Хајнрих Хајне, го велича делото *Древната историја* на Домие[1], каде овој последниот ги плука најголемите антички фигури, како „жестокиот Ахил, претпазливиот Одисеј и мудрата Пенелопа“.

ПАГАНСКАТА ШКОЛА

Во годината која штотуку заврши се случи еден значаен настан. Не велам дека е најважниот, но еден од поважните, или поточно еден од најсимптоматичните. На една гозба од годишнината на Февруарската Револуција, еден од тие млади луѓе што можеме да ги опишеме како учени и бистри, крена здравица во чест на богот Пан, да, на богот Пан.

„-Но, му одговарам јас, што има заедничко богот Пан со револуцијата?

-Значи, како? одговара тој ; Богот Пан ја прави револуцијата. Тој е револуцијата.

-Впрочем, не е ли умрен веќе долго време? Мислев дека се слушна некаде над Средоземјето силен глас, и дека тој таинствен глас, кој се движеше од столбовите на Херкул сè до азиските крајбрежја, му објавил на древниот свет : БОГОТ ПАН УМРЕ!

-Гласини. Тоа се злите јазици ; но тоа не е ништо. Не, богот Пан не умрел ! Богот Пан е сè уште жив, ми повтори соговорникот, кревајќи ги очите кон небото со силна чудна разнеженост... Ќе се врати....“

Тој зборуваше за богот Пан како за затвореникот од Света Елена.

„-Ех што, му реков, значи не сте паганин?

-Но да, без сомнение, зарем не знаете ли дека добро сфатеното Паганство, се разбира, само може да го спаси светот? Треба да се вратиме на вистинските доктрини, *за миг* помрачени од гнасниот Галилеец. Впрочем, Јунона[2] ми фрли милослив поглед, поглед кој ме прободе сè до душата. Бев тажен и меланхоличен сред толпата, ја гледав поворката и го молев ова убаво божество, кога еден од нејзините погледи, благонаклон и длабок, стигна пак да ме подигне и да ме охрабри.

-Јунона ви фрли еден од нејзините волски погледи, *Bôôpis Êrê* (грчки). Несреќникот можеби е луд.

-Но не гледате ли, се вмеша трета личност, дека станува збор за церемонијата на големото говедо. Тој ги гледаше сите тие розови жени со очите на незнабожците, а Ернестина, која беше ангажирана на Хиподромот и која ја играше улогата на Јунона, му подари поглед полн со спомени, вистински *волски* поглед.

-Ернестина колку што ќе сакате, рече незадоволниот незнабожец. Вие сакате да ми ги срушите илузиите. Но моралниот ефект не беше помалку предизвикан, а овој поглед го сметам како добар предзнак.“

Ми изгледа дека оваа претераност на паганството е фактот на човек кој премногу го читал, а лошо го прочитал Хајнрих Хајне и неговата гнила литература на материјалистички сентиментализам. А бидејќи јас го изговорив името на овој славен виновник, така веднаш да ви раскажам една епизода за него која ме вади надвор од себе секој пат кога помислувам на него. Хајнрих Хајне, во една од своите книги, раскажува дека дури се шета среде дивите планини, крај една страшна бездна, во прегратките на хаосот на мразот и на снегот, сретнува еден од оние верници кои, со куче, одат во откривањето на патниците изгубени и на умирање. Само пред некој миг, авторот штотуку се препушти на осамените изливи на неговата волтеровска омраза против клерикалците. Некое време тој го набљудува човекот- човештвото кој ја продолжува својата света работа ; во неговата горда душа се одвива битка, и конечно, по болно двоумење, тој носи благородно решение: *Ех па, не! нема да пишувам против овој човек!*

Каква благородност! Со нозете во удобни влечки, во аголот крај добар оган, опкружен од ласкањето на сладострасно друштво, господинот славниот човек ја дава заклетвата дека нема да

1 Домие, Оноре (Domier, Honoré, 1808-1879), француски сликар - самоук, графичар и скулптор, одличен литограф, карикатурист. Неговата литографска серија Древната историја (l'Histoire ancienne) ја сочинуваат 18 плочи. Извор : http://expositions.bnf.fr/daumier/feuille/05.htm

2 Јунона : жена на римскиот бог Јупитер.

измачува со глад беден религиозен ѓавол кој никогаш нема да го дознае ни името ни неговите богохулства, а ќе се спаси самиот тој, во случај на потреба !

Не, Волтер никогаш не би напишал слична гнасотија. Волтер имаше премногу *стил* ; впрочем, тој беше човек од акција, и ги љубеше луѓето.

Го изразувате ли стравот, тагата по повод намалувањето на човештвото, како дегенерира здравата нација како последица на лошата хигиена, крај вас ќе има поет за да одговори: „Како сакате жените да раѓаат здрави деца во некоја земја каде луѓето обожуваат грозен обесеник! “ - Убавиот *фанатизам*!

Во градот владее безредие. Бутиците се затвораат. Жените на брзина се снабдуваат, на улиците се вади калдрмата, срцата им се стегаат од мачнотијата на голем настан. Наскоро калдрмата ќе биде облеана од крв. -Ќе сретнете животно исполнето од блаженство ; под мишка со чудни книги напишани со хиероглифи. -А вие, како му велите, како мислите да постапите? -Мил мој, одговара со тивок глас, штотуку пронајдов нови интересни информации за бракот на Изида и Озирис. Ѓавол да ве земе : оставете ги Изида и Озирис нека створат многу деца и нека не ост... на мир!

Ова лудило, наизглед невино, често оди предалеку. Пред неколку години, Домие создал значајно дело, **Древната историја**, кое беше така да се рече најдобрата парафраза на славниот стих : *Кој ќе не избави од Грците и Римјаните*? Домие брутално се нафрлил врз антиката и митологијата, и згора и ја исплукал. А жестокиот Ахил, и остроумниот Одисеј, и мудрата Пенелопа, и Телемах, тој голем будала, и убавата Елена, која ја изгуби Троја, и огнената Сапфо, таа заштитничка на хистеричните, и најпосле сите тие ни се појавија во смешни и грди обличја која ги нарекува класичните актери стари мрши кои зад кулисите шмркаа бурмут. Ех добро! видов надарен писател како плаче пред овие бакрорези, пред ова интересно и поучно безбоштво. Тој беше озлобен, ова го нарекуваше безбоштво. Бедникот имаше потреба од вера.

Многу луѓе ја охрабриле со нивните пари и со нивните ракоплескања оваа многу лоша страст, која се стреми од човекот да направи тромо суштество а од писателот лапач на опиум.

На чисто литературен план, ова не е ништо друго освен една жална и одвратна имитација. Се подбивале ли доволно *наивните* сликари кои што се мачеле да го копираат *Чимабуе* ; писателите со рогови, со елек и сечило од Толедо? А вие, несреќни неопагани, што правите вие, ако ова не е истата работа? Имитирање ! имитирање ! Несомнено сте ја изгубиле вашата душа некаде, на некое лошо место, за да трчате така низ минатото како празни тела за да соберете една на средба низ древните урнатини ? Што очекувате од небото или од граѓанската глупост ? Доволно богатство за да ги подигнете на вашите мансарди ореолите на Пријап[3] или Бахус[4] ? Најголемите логичари меѓу вас ќе бидат најциничните. Тие ќе го подигнат олтарот на богот Крепитус[5]. Со тоа ја критикува во исто време и религијата и просечните неопагански уметници.

Да ја отфрлиш страста и разумот, значи да ја убиеш литературата. Да се порекнат напорите на претходното човештво, христијанско или философско, тоа е самоубиство, да се одбијат силата и средствата за совршенство. Да се ограничиш себе од соблазнувањата на физичката уметност, да создадеш голема среќа кон погубување. Долго време, многу долго, ќе можете да го видите, да го љубите само убавото, ништо освен убавото. Го земам зборот во тесна смисла. Светот ќе ви се појави само во својот материјален облик. Движечките сили ќе останат долго време сокриени од вас.

Еден ден верата и философијата да можат да дојдат, како присилени од викот на очајник ! Таква ќе биде судбината на безумните кои во природата ќе гледаат само ритам и облици. Уште философијата не ќе им се појави таква пред сè како интересна игра, пријатна гимнастика, мечување во празно. Но колку ќе бидат унакажени! Секое дете чијшто поетски ум ќе биде поттикнат, чија претстава ќе биде поттикната од активни и здрави работни навики нема да боде без престан в очи, а ќе слуша без престан да зборува за слава и насладување, и ќе бидат секојдневно подвргнати на ласкање, дразнење, возбуди, предизвици и задоволства од уметничките предмети, ќе стане најнесреќниот од луѓето и ќе ги направи другите несреќни. На дванаесет години тој ќе се заврти кон полите на неговата доилка, и ако моќта во злосторството или во уметноста не го издигне

3 Пријап : син на богот на виното Дионис и божицата Афродита, бог на плодноста.

4 Бахус : римска митологија, бог на плодноста, вегетацијата, животот, виното и уживањето.

5 Крепитус : во античкиот Рим, бог на стомачните гасови, флатуленции. Претставен е во облик на статуи на мажи со надуен стомак. Го обожавале старите жени и децата.

над обичната среќа, на триесет години тој ќе ја испушти во болницата Неговата душа, без престан налутена и ненаситна, си оди низ светот, светот зафатен и макотрпен ; таа ќе си оди, кажувам, како проститутка, викајќи: Пластика! пластична! Пластиката, тој одвратен збор ни дава пилешко месо, пластиката го отрула, и сепак може да живее само преку тој отров. Тој го прогонил разумот од своето срце, и, преку правична казна, разумот одбива да се врати во него. Сè што може да му се случи посреќно, тоа е природата да го погоди со застрашувачки повик за чесната активност, може да ги чувствува само ужасните наслади на порокот. Гревот таи свој пекол, а од време на време природата ја изразува болката и бедотијата: Ајде победете ги бунтовниците!

Полезното, правичното, доброто, вистинското благопријатно, сите овие нешта ќе му бидат непознати. Вовлечен во својата досадна мечта, тој ќе се труди да се занесе во него, и да ги измачува и другите. Тој нема да мисли на својата мајка, на својата доилка; ќе ги растргне своите пријатели, или ќе ги сака *само заради нивниот облик*; својата жена, ако има една, ќе ја презре и ќе ја обезвредни.

Ги разбирам сите покајанија на свети Августин на прекумерното задоволство на очите. Опасноста е толку голема што сум подготвен за уништување на предметот. Лудилото на уметноста е еднаква на злоупотреба на духот. Создавањето на една од овие две деспотски превласти од нив ја изродува глупоста, тврдоглавоста и прекумерната гордост и себељубието. Се сеќавам дека слушнав како кажува на еден актер, шегаџија, кој примил лажна монета : Ја чувам за да ја дадам на еден ништожник. Сиромавиот се задоволуваше што го краде бедникот и истовремено се радуваше на придобивките на славата на милосрдието. Чув друг : Значи зошто бедните не ставаат ракавици кога просат? Ќе се збогатат. А на еден друг : Не давајте му на оној : лошо е облечен; неговите партали не му стојат добро.

Литературата треба повторно да ги очеличи своите сили во подобра атмосфера. Не е далеку тоа време кога ќе сфатиме дека целата литература која откажува да чекори братски рамо до рамо со науката и философијата е убиствена и самоубиствена литература.

22 јануари 1852

Забелешка на преведувачот : http://baudelaire.litteratura.com/

ПРОМОЦИЈА НА ПЕЧАТЕНО ДЕЛО

Во организација на Лигата за борба против ракот од Битола и Европската асоцијација на пациентите болни од рак, на 21 февуари 2014 г. во Малата сала на Домот на културата во Битола се одржа еднодневна работилница под мотото „Онкологијата денес, онкологијата утре – перспектива за пациентите“. Во рамките на работилницата беше промовирана и книгата „Надеж за ново утро“ од Летка Андреевска, вработена во СОУ „Таки Даскало“. Промотор на книгата беше Милица Д. Радевска, која меѓу другото за поетските записи на Андреевска запиша: „Песните како и сите уметнички дела, и воопшто уметноста, се загатки“, вели Адорно. Затоа таа мора да се разгатне. Песната се раѓа од емоција. Треба секој збор, секој стих, секоја воздишка, секое мечтаење, секое надевање да биде проткаено со солза за да блесне нашето вдахновение, за да никнат кревките лирски записи. Во еден неврзан разговор Летка ми рече: Не знам од каде се роди оваа потреба да пишувам, ете од никаде излегоа зборовите, а јас велам, зборовите не ги бираме ние тие не бираат нас, значи, потребно е искуство, потребен е живот, со целата негова полнотија, живот за кој секојдневно гребиме, драскаме, живот кој сме го осмислиле, кој има некаква цел. И во сето тоа одново и одново се откриваме себе си, границите на нашите можности, на нашите дострели, на неочекуваното очудување на животот.

Стихови - разбирање, обид да се проникне во незапирливото, неразбриливата агонија на поединецот кој влегол во костец со стравот и неспокојот, со неизвесноста,

Секоја песна е проникната со двата принципа- од една страна рационалните, прагматичните размисли за потоа во следниот стих на прв план да испливаат емоциите, кршливоста, но ниту во еден миг осуда туку себеоткривање и себеприфаќање- од тишината и нерекот, од непостоење да се прерасне во оличување на светлината“.

КРЕАТИВЕН ПРИСТАП

Николина Поповска

Тема: „Значењето на книгата“

НОВИ СВЕТОВИ

Кажаниот збор не се враќа, а се помни во зависност од тоа колкава е неговата разурнувачка моќ со која не освојува, душевна сила или насушната потреба мир која не облагородува.

Безграничната сила на зборот не сака да остане бесплодна. Таа врбува простори и време за да биде неколебливо жива. Изложени во безброј расправи, уметнички слики, доживувања, поетизирања... зборовите ја мерат тежината на приказната. Земен свет, идеален, замислен... Уметничката перцепција на микро и макро космосот на авторот и нашето воспримање на делото се неделиви мигови на взаемно ангажирање.

Кохан вели „Да се убие книга значи да се убие човек. Дури и полошо од тоа, бидејќи убиецот на човек убил само разумно битие, а убиецот на книгата го убива самиот разум .“ Се поставува прашањето како оваа вистина да се обистини кај младите читатели зашто времево покажува дека со макотрпната работа на писателите сè помалку млади луѓе се запознаваат или само бегло и ограничено учествуваат во умствениот, но и практичен животен прогрес што ќе им го овозможат прочитаните книги.

Проблемот многу пати го бараме во времето во коешто живееме, брзиот начин на живот сè да се добие наеднаш, горчливото продавање на пристјноста да се заложи личната наобразба и да се занемари патот по кој треба да се оди за да се стигне до целта. А, книгата не ги отвора лесно новите светови. Таа бара време, трпение, работа. Патот до слободата не е лесен. Беспредметно е да мислиме дека видливите вредности на нашите постапки и делувања ќе бидат темелно издржани доколку не ги поткрепиме со аргумнти, само така ќе можеме да ја поддржаваме стварноста. Останатото е сиров обид на пренапрегнатост и променливи принципи во нашите општествени гледишта и професионалното делување. Сакаме да одгледаме млади луѓе со замислен и истенчен видокруг? Сигурно, не. А, да се делува позитивно на моралните доблести на еден млад човек е во исто време благородна мисија , но и голема одговорност на секој учител. Да се поттикне да се насети вкусот на книгата, е потребно да ја откриеме наклонетоста и да се задоволат вкусовите на младата читетелска публика.

Одамна поминале времињата кога потребата за читање книги била исполнета покрај каминот, во кругот на семејството. Идиличната атмосфера исполнета со мирисот на изгорената бука е заменета со домашните апарати за прочистување на воздухот, а дејноста читање со пребарување во компјутерот.

Интернетот секако дека си има свои предности во добивањето информации од различни области. Истите ги добиваме брзо со само еден клик. Тоа е во согласност со денешната максима на животот и сегашниов поглед на светот.

Но, кога одредено сознание бараме во библиотека од самиот извор, книгата, патем ние откриваме и други податоци, побогати сме со нови сознанија, пред нас се отвораат нови хоризонти , размислуваме , а како што вели Русо во една реплика против учењето на материјалистите: „Што и да кажат филозофите, јас нема да се одречам од честа да мислам“. А, мислата ќе ни овозможи самите да ги донесеме заклучоците, а не да ги добиваме како готови информации.

Придонес во популаризацијата на книгите, секако дека имаат и библиотеките како јавни установи. Можеби е добро да се размисли идејата да се презентираат на социјалните интернет мрежи листи на одбрани дела од македонската и светската книжевна сцена . Истите да бидат рангирани по читаност, или листа на дебитантски автори, може листата да биде и жанровски определена, да се обрне повеќе внимание на наградувани автори кај нас и во светот или пак почесто да се промовират книги со дадена куса содржина и сегменти од рецензијата, за да можат читателите поблиску да се информираат за книгата. Да се ажурираат статуси со кратки документарни филмови за животниот пат и делата на познати писатели и понудени предлози на играни филмови, работени според познати дела. Па, на ваков начин да се сублимираат интернет информациите со поттикот да се читаат книги.

Ова е еден начин да се доближи литературата до читателите. Светот сиромашен по надворешноста, да го преобразат во свет богат по внатрешноста. Само така ќе можат да го проучуваат живописот на Славко Јаневски и да го отк- кријат митското и историското во неговите дела, да дознаат за судбината на Венко

Марковски, да го допрат поетскиот јазичен код на Петре М.Андреевски, а неговата безвременска „Деницијa“ да биде севремено присутна, да ја откријат интертекстуалноста во литературата , но и да ја запомнат мислата на Константин Миладинов од предговорот на „Зборникот“ : „Народот наш в најголемата простота развил в себе си божевата умствена дарба; тој чрез земледелието приближен до природата, живјат в секогашни сношенија со неа, така да речиме се разговорвит со неа, се одушевљават от неа и црпит тие богати изреквења, кои така силно поражавает нас со необикновената им хубавина и виразителност... Народните песни се показалька на степенот од умственото развитие од народот и огледало на неговиот живот. Народот в песни изливат чувствата си , в них увековечвит животот му и давнешните му подвиги, в них находвит душевна храна и развлечение.“

Константин ја оправда задачата што ја превзеде врз себе да осветли дел од патот на македонското национално и литературно будење во 19 век. Сега нам ни преостанува како поединки коишто сме го избрале позивот наставници со нашата волја, совест, професионализам, неминовно да придонесеме да се врати сјајот на книгата. Оваа работилница посветена на книгата, е поттик да се организираат литературни работилници и во училиштата во рамките на додатната настава. Во нив би учествувале писатели, наставници, библиотекари, кои со презентираните трудови пред учениците би поттикнале аналитички дискусии со нови читања на литературните дела, а тоа сигурно ќе придонесе за поголем интерес кон пишаниот збор. Исто така на државните институции останува задачата да делуваат во градењето на наставната политика, која ќе ги согледа перспективите и насочувањето на идните наши генерации.

ЈУБИЛЕЈ

м-р Гордана Кожуваровска

ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА 25 ГОДИШЕН ЈУБИЛЕЈ

На 19.11.2013 год го одбележавме 25-от јубилеј од постоењето и функционирањето на училишната сообраќајна единица (УСЕ). Одговорен наставник е м-р Гордана Кожуваровска.

Живееме во едно динамично време, живееме во град и република на голема фрекфенција на моторни возила.

Затоа се јави потреба од формирање на училишна сообраќајна единица во Битола и пошироко во Р. Македонија неразделно со член 408 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата. **Заради остварување на поповолни услови за безбедност во сообраќајот се основа сообраќајна единица.**

По правило сообраќајните патроли и единици можат да вршат регулирање на сообраќајот во присуство на полицаец. По исклучок кога училишната сообраќајна единица обезбедува премин на школски деца преку коловоз пред училиште. Присуството на полицаец не е задолжително.

Учениците во сообраќајот се должни да постапуваат според барањата на сообраќајните патроли и единици.

Училишната сообраќајна единица е формирана на 19. 11. 1988 година со одлука на наставничкиот совет при ЦСНО „Таки Даскало“ од Битола, а истата со работа започна на 01.03.1989 година. Во неа членуваат ученици од втора, трета и четврта година од сите насоки кои претходно ќе покажат позитивни резултати на тестирањето од сообраќајните правила и прописи.

Последната година единицата е прилично ангажирана од страна на Советот за безбедност на сообраќајот на патиштата и СВР Битола и тоа при спроведување на превентивно-едукативните манифестации, обезбедување на собири од секаков вид, како и секаде каде што имало потреба од физичко регулирање на сообраќајот и други активности.

Членовите на сообраќајната единица многу придонесуваат за подигнување на нивото на сообраќајната култура кај младите, како и во сузбивањето на негативните појави, алкохолот, дрогата и невниманието кои ја финансираат чудната игра каде **влогот е животот а добивката е смрта.**

Зарем има нешто поболно од изгубен човечки живот?

Ништо не е поскапо од човечкиот живот и ништо не може да биде поболно ако загубениот живот е детски.

ПРОМОЦИЈА НА ДЕЛО

м-р Флорида Кулевска

Книга „КУЛТУРА НА ИСХРАНА“
(за потребите на студентите на БАС)

ИСХРАНА ЗА СИТЕ КРВНИ ГРУПИ ПО д-р Г. АДАМО

Исхрана за крвна група А (а)
Земјоделец - вегетаријанец
смирен, уреден, подготвен за соработка

Генетска предодреденост - чист вегетеријанец (безмесна исхрана). Добро се прилагодува на промени во исхрана и околината.
Слабости - чувствителен дигестивен систем, нежен имунитет, подложен на напади од микроби.
Ризици од болести - срцеви болести, рак, анемија, црн дроб, жолчка, дијабет.
Вежби - Јога, Тајчи.

Исхрана за крвна група О (нулта)
Ловец - месојадец
Силен имунитет, роден е за водач

Генетска предодреденост - здрав дигестивен систем, силен имунитет, природна одбрана од инфекции, систем создаден за ефикасен метаболизам.
Слабости - нетолерантен на промени на услови и исхрана, имунитет што може да е премногу активен и што може да се нападне себеси.
Ризици од болести - згрутчување на крвта, инфламаторни болести, артритис, високо тироидно ниво, чиреви, алергии, автоимуни болести (лупус, псоријази, егземи).
Профил за диета - многу протеини, месо, риба, зеленчук и овошје.

Исхрана за крвна група Б (б)
Номад
Избалансиран, флексибилен, креативен

Предности - силен имунитет, приспособлив, балансиран нервен систем.
Слабости - нема природни слабости, склон кон автоимуни заболувања и ретко вирусни.
Ризик од болести - дијабет, хроничен замор, автоимуни болести, лупус, мултиплекс склероза.

Крвна група АБ (аб)
Енигма
Современа комбинација од А и Б , реагира како камелеон на променливи услови во исхраната и околината, чувствителен дигестивен тракт, премногу толерантен имунолошки систем, најдобро реагира на стрес духовно, со физичка активност, креативна енергија, еволутивна мистерија редок, харизматичен, мистериозен

Предности - создаден за модерни услови, толерантен имунитет.
Слабости - чувствителен дигестивен тракт, толерантен имунолошки систем, не сака промени, подложен на вируси.

ИСХРАНА И ОДНЕСУВАЊЕ ЗА ЧЕТИРИТЕ ГРУПИ

- да не се мешаат јадењата (гарнири);
- да се јаде повеќе пати по помалку;
- да се почитува природниот биоритам;
- да се внесуваат додатоците на исхраната по природен пат;
- да се избегнува замрзната, конзервирана и пушена храна;
- да се јаде онолку колку ќе се потроши;
- да се готви со крупна јодирана сол, маслинови масла и лимонов сок, а не со обичен оцет (јаболков, виснки);
- да не се спие после јадење;
- да се внесува повеке течности во форма на природни сокови;
- да не се прејадува;
- да не се спие со главата на запад.

УЧИЛИШНА БИБЛИОТЕКА НА СОУ „ТАКИ ДАСКАЛО“ – БИТОЛА


Училишната библиотека во рамките на своето работење ги врши следните дејности: набавува, чува, стручно обработува, заштитува и дава на користење библиотечен материјал.
На корисниците на книжниот фонд (ученици, вработени при СОУ „Таки Даскало“ и надворешни лица) библиотеката му е на располагање од 08-19 часот секој работен ден.

Библиотеката на СОУ „Таки Даскало“ постои од 27. 01. 1984 год. со трансформација –здружување на гимназијата „Браќа Миладиновци” и Училиштето за занимање на ученици во стопанството „Кочо Рацин“ од Битола Инаку првата заведена книга е од 14. 06. 1977 год.

Преглед на Бројната состојба на-БИБЛИОТЕКАТА ЗА КНИГИ ЗА 2013/2014 година

Стручна литература

КI-541 наслови	инв.бр. 895
КII-2 199	инв.бр. 3 756
КIII-407	инв.бр. 626
---	---
вкупно 3 147 наслови	вкупно 5 277 бр. на книги



Уметничка литература

КI-1 159 наслови	инв.бр. 4 446
КII-5 189	инв.бр. 15 967
КIII-215	инв.бр. 615
---	---
вкупно 6 563 наслови	вкупно 21 028 бр. на книги

Вкупен број на наслови 9 710 **Вкупен број на книги: 26 305**

Преглед на бројната состојбана
УЧЕБНИЦИ ЗА ГИМНАЗИСКО И СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА 2013/2014 година

Гимназиско образование- учебници

I год.	4 279
II год.	3 181
III год.	3 244
IV год.	2 381

Вкупен број на учебници: 13 085

Стручно образование-учебници

I год.	2 200
II год.	1 558
III год.	1 382
IV год.	1 155

Вкупен број на учебници: 6 295

ВКУПЕН БРОЈ НА УЧЕБНИЦИ ОД СТРУЧНО И ГИМНАЗИСКО ОБРАЗОВАНИЕ
19 380

Подготви: Мирјана Наумовска